Во инвестиционите одлуки за материјалното производство, стриктно се почитуваат локационите, техно-економските и критериумите за заштита на животната средина, кои се усвоени на национално ниво.Една од основните цели на Просторниот план се однесува на рационално користење и заштита на природните ресурси, искористување на погодностите за производство и лоцирање на преработката на простори врзани со местото на одгледување или искористување. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето. Во напорите за унапредување на квалитетот на живеењето во Републиката, посебно тежиште се става на **унапредувањето и заштитата на животната средина.** Состојбата на животната средина и еколошките барања се битен фактор на ограничување во планирањето на активностите, заради што е неопходна процена на влијанијата врз животната средина. Посебно значење имаат заштитата и промоцијата на вредните природни богатства и поголемите подрачја со посебна намена и со природни вредности, важни за биодиверзитетот и квалитетот на животната средина, како и заштитата и промоцијата, или соодветниот третман на културното богатство согласно со неговата културолошка и цивилизациска важност и значење.

# Местоположба на локацијата и ружа на ветрови







Општинска граница

Катастарска граница

***Природни и климатски карактеристики***

**Природните карактеристики** на едно подрачје претставуваат збир на вредности и обележја создадени од природата, а без учество и влијание на човекот. Тие ги опфаќаат: географската и геопрометната положба на подрачјето, релјефните карактеристики, геолошки, педолошки, хидрографски, сеизмички, климатски и др.

***Клима*** - Мерната станица е на надморска височина од 1300 метри, а со зголемувањето на надморската височина се намалува температурата на воздухот за секој 100 метри по 0,5$^0$С и обратно.

Просечната годишна температура во Крушево изнесува 8,4°С, просечната јануарска температура во Крушево изнесува -1,3°С, февруарската е -0,5°С, март 2,6°С, април 7,1°С, мај 12°С, јуни 15,6°С, во јули 17,9°С, август исто 17,9°С, септември 14,6, октомври 8,3°С, ноември 4,7°С и декември 0,4°С. Температурните инверзии, кои се честа појава во зимските месеци во ова подрачје, се една од причините за релативно високите температури во оваа сезона во Крушево и даваат посебно климатско обележје на овој локалитет од температурен аспект. Инверзните температури влијаат во голема мера на зголемување и на средните месечни температури во зимските месеци кои се во однос на Пелагонија пониски, но не толку колку би требало да бидат спрема разликата во надморската височина.

Годишната температурна амплитуда изнесува 19,2°С. Во Крушево есента е значително потопла од пролетта. Просечната есенска температура изнесува 9,5°С, а пролетната 7,2°С. Септември е за 2,6°С потопол од мај, октомври за 2,2 од април и ноември за 2,1°С од март. Меѓумесечната температурна разлика на пролетните и есенските месеци не е битно изразена и преодот од зимата кон летото и од летото кон зимата не е нагло, така што и пролетта и есента се издвојуваат како преодни годишни сезони. Средногодишна минимална температура во Крушево изнесува 4,9°С, а максимална 12,1°С.

Просечно годишно во Крушево се јавуваат 178 мразни дена. Просечниот датум на есенскиот мраз е 25 октомври, а најраниот есенски мраз е забележан на 22 септември. Просечниот датум на пролетниот мраз е 21 април, а најдоцниот пролетен мраз е забележан на 13 мај.

Врнежите во Крушево се доста нерамномерно распоредени преку годината и ова подрачје спаѓа под медитеранскиот плувиометриски режим. Поголемиот дел паѓаат во ладниот дел од годината, со максимум во ноември и зимските месеци, а минимум во летните месеци. Секундарниот максимум на врнежите е во мај, што води кон заклучок дека во ова подрачје во одредена мера се нарушува искажаниот плувиометриски режим.

Просечната годишна сума на врнежите изнесува 798,6mm, со максимум во ноември 97,6mm, а минимум во август 39,3mm. По сезони, најврнежлива е есента, 225,2mm, потоа, пролетта 218,1mm, зимата 213mm и летото 142,3mm. Апсолутно максималната дневна количина на врнежите изнесува 139mm, забележано на 19 ноември 1979 година. Од вкупниот просечен годишен број на врнежливи денови (124), 85% се врнежливи денови со дневна количина рамна или поголема од 1,0mm, 42% со количина рамна или поголема од 5,0mm, 20% со дневна количина рамна или поголема од 10,0mm и 7% со дневна количина рамна или поголема од од 20,0mm.

Врнежите во Крушево се од дожд но во значителна мера и од снег. Снегот се јавува од септември заклучно со мај. Максималната височина на снежниот покривач изнесува 135sm забележана на 6 февруари 1954 година.

Просечната годишна сума на сончевото зрачење изнесува 2109 часови, со максимум во јули 295 часови, а минимум во декември, 99 часови.

Просечната годишна релативна влажност изнесува 73% со максимум во декември 80% и минимум во јули 63%.

Подрачјето на Крушево е доста ветровито. Од вкупниот број на измерените случаеви претворени во промили, 739‰ се со ветрови од разни правци, а 261‰ е тивко без ветер т.е. тишини. Со најголема зачестеност е североисточниот ветер со честина од 154‰, средна брзина на ветерот од 2m/sek и максимална јачина од 9 бофори. Втор по честина е западниот ветер со честина од 133‰, кој најчесто дува во доцната пролет и во летните месеци, а со голема зачестеност е во зимските и есенските месеци. Средната годишна брзина му изнесува 3,3m/sek, а максималната јачина до 10 бофори. Југозападниот ветер е со голема зачестеност од ноември до февруари и во април, а со нешто смалена зачестеност е во летните месеци. Годишната честината му е 97‰ средната годишна брзина му е 3,2m/sek, а максималната јачина 10 бофори. Источниот ветар дува со честина од 97‰ средна брзина од 1,6m/sek и максимална јачина до 9 бофори. Северниот ветер дува со голема зачестеност преку целата година од 91‰. Нешто смалена зачестеност има само во април, мај и јуни а најчесто дува во јануари, март и јули. Средната годишна брзина му изнесува 2,6m/sek а максималната јачина 10 бофори. Југоисточниот дува со честина од 72‰, средна брзина од 2m/sek. и максимална јачина до 8 бофори. Јужниот дува најчесто во ноември и декември, а со нешто смалена зачестеност се јавува преку целата година. Честината му е 57‰ средната годишна брзина му изнесува 2,4m/sek, а максималната јачина достигнува до 10 бофори. Северозападниот ветар е со честина од 38‰ со средна годишна брзина од 3m/sek и со максимална јачина до 10 бофори.

### *Економски основи на просторниот развој*

Концептот на планиран развој и просторна разместеност на економските дејности во "Просторниот план на Република Македонија" се темели на дефинираните цели на економскиот развој во “Националната стратегија на економскиот развој”, определбите за рационално користење на потенцијалите и погодностите на развојот, поставеноста на системот на населби, како и политиката за порамномерна и порационална просторна организација на производните и услужни дејности.

Според економската структура, фазата од развојот во која се наоѓа економијата, степенот на расположивоста на факторите, економските состојби и економската позиција на Република Македонија во светот, идниот развој на македонската економија е детерминиран од насоките и комбинацијата на инвестициите со другите развојни фактори во Државата.

Концепцијата на просторната организација на производните и услужни дејности поаѓајќи од објективните фактори, пазарните услови, доминацијата на приватната сопственост во економскиот систем и одлуките на државните и локалните органи, се остварува како комбинација на концентрацијата на стопанството на одделни места и дисперзија во просторот кои се

комплементарни приоди во развојот и просторната разместеност на економските дејности.

Со разместувањето на производните и услужни дејности и со агломерирањето на населението во просторот, се формираат центри-полови на развојот како што е Градот Крушево со гравитационо влијание врз планскиот опфат на локацијата за која се наменети Условите за планирање на просторот.

При спроведувањео на стратегијата за организација и користење на просторот за алокација на производни и услужни дејности, решенијата во просторот треба да овозможат поголема атрактивност на просторот, заштита на природните и создадени ресурси и богатства, сообраќајно и информатичко поврзување, локациона флексибилност и почитување на развојните фактори.

**Според определбите на Просторниот план, идниот развој и разместеност на производните и услужни дејности треба да базира на одржливост на економијата применувајќи ги законитостите на пазарната економија и релевантната законска регулатива од областа на заштитата на животната средина, особено превенција и спречување на негативните влијанија на економските активности врз животната и работна средина.**

**Реализацијата на предвидената Локална урбанистичко-планска документација за изградба на објект со намена Е2-комунална супра-структура (фотонапонска соларна централа), КО Крушево вон г.р. Општина Крушево на површина од 1,6 ha, ќе биде во функција на одржливиот развој преку производство на енергија од обновливи извори (сончева енергија).**

### *Користење и заштита на земјоделското земјиште*

**Зачувувањето**, **заштитата и рационалното користење на земјоделското земјиште** е основна планска определба и главен предуслов за ефикасно остварување на производните и другите функции на земјоделството, а конфликтните ситуации кои ќе произлегуваат од развојот на другите стопански и општествени активности ќе се решаваат врз основа на критериуми за глобална општествено-економска рационалност и оправданост со што ќе се постигнат следните зацртани цели:

- Запирање на тенденциите на прекумерна и стихијна пренамена на плодните површини во непродуктивни цели;
- Зголемување на продуктивната способност на земјоделското земјиште и подобрување на структурата на обработливите површини во функција на поголемо производство на храна;
- Привремено или трајно исклучување од процесот на производство на храна на терените каде концентрацијата на токсични материи од сообраќајни коридори во земјиштето, воздухот и водата се над дозволените норми;
- Рекултивирање и враќање на деградираното земјиште во земјоделска намена со мелиоративни и агротехнички зафати;
- Искористување на компаративните предности и погодности на одделни подрачја и стопанства за повисок степен на финализација и задоволување на потребите на преработувачките капацитети и нивна ориентација кон извоз;
- Обезбедување на материјални и други услови за дефинирање и реализација на програмата за реонизација на земјоделското

производство поради рационално искористување на сите природни ресурси, човечки потенцијали и индустриско-преработувачки капацитети.

Согласно просторниот план на Република Македонија просторот на РМ е поделен во **6 земјоделско стопански реони и 54 микрореони**. **Предметната локација припаѓа на Пелагонискиот реон кој има 10 микрореони.**

При изработка на планската документација, неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредувањето на земјиштето и утврдување на нормите и стандарди за градба. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето. **Предметната локација зафаќа земјоделско земјиште: нива (VIII класа) и пасиште (IV класа).**

Пренамената на земјоделското земјиште се регулира со Законот за земјоделско земјиште. Доколку при изработка на урбанистичко планската документација предвидена во Член 7 во Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ, бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 63/16 и 64/18), се зафаќаат нови земјоделски површини, надлежниот орган за одобрување на планските програми веднаш по заверка на истите до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство поднесува барање за согласност за трајна пренамена на земјоделско земјиште во градежно.

### *Водни ресурси и водостопанска инфраструктура*

Планирањето и реализирањето на активностите за подобрување на условите за живот во Република Македонија треба да се во корелација со концептот за одржлив развој, кој подразбира рационално користење на природните и создадените добра. Одржливиот развој подразбира користење на добрата во мерка која дозволува нивна репродукција, усогласување на развојните стратегии и спречување на конфликти во сите области на живеење. Стратегијата за користење на водата и развој на водостопанството е условена од фактот дека Р Македонија е земја сиромашна со вода поради што треба рационално да се користи и троши. Колку водите во одреден простор може да се сметаат за “воден ресурс” зависи од можноста за нивно искористување, односно од можноста за реализирање на водостопански решенија со кои водите ќе се искористат за покривање на потребите од вода за населението, земјоделството, индустријата и заштитата на живиот свет. Водата како “ресурс” ја има многу помалку од “присутните води”.

Со Просторниот план на Република Македонија на територијата на Републиката дефинирани се 15 водостопански подрачја (ВП): “Полог”, “Скопје”, “Треска”, “Пчиња”, “Среден Вардар”, “Горна Брегалница”, “Средна и Долна Брегалница”, “Пелагонија”, “Средна и Долна Црна”, “Долен Вардар”, “Дојран”, “Струмичко Радовишко”, “Охридско - Струшко”, “Преспа“ и “Дебар”. Оваа поделба овозможува пореално да се согледаат расположивите и потребните количини на вода за одреден регион.

Просторот на кој се предвидува изградба на објект со основна класа на намена Е2 - комунална супраструктура (фотонапонска соларна централа) во КО Крушево вон. гр., општина Крушево, се наоѓа во водостопанското подрачје (ВП)

“Пелагонија”, кое го опфаќа сливот на Црна Река, од извориштето до водомерниот профил “Скочивир”.

Сливот на горниот тек на Црна Река е богат со вода., што го покажува и специфичното истекување (л/сек/км$^2$), кое изнесува 11,9 л/сек/км$^2$ кај водомерниот профил “Доленци” (кој го опфаќа изворишниот дел), и 5,2 л/сек/км$^2$ кај водомерниот профил “Расимбегов Мост”.

Богатството со вода на ова подрачје ја покажува и присуството на изворите. Во Републиката се регистрирани вкупно 4.414 извори од кои со издашност над 100 l/s регистрирани се 58. Во ВП “Пелагонија” регистрирани се вкупно 660 извори, од кои 4 се регистрирани како извори со значајна штедрост. Најголема штедрост и до 3m$^3$/s има изворот на Црна Река “Црна Дупка”.

За целосно искористување на хидролошкиот потенцијал на водотеците во ВП “Пелагонија” изградени се акумулациите “Стрежево” на реката Шемница и “Прилепско Езеро” на Стара Река. Основната намена на водите од овие акумулации е наводнување на обработливите површини во Пелагонија.

Во планскиот период во ВП “Пелагонија” се предвидува изградба на акумулациите “Бучин” и “Скочивир” на Црна Река и акумулацијата “Цер” на Церска Река. Водите од овие акумалации се предвидуваат за наводнување на обработливите површини, производство на електрична енергија и водоснабдување на населението и индустријата.

Изградбата на фотонапонската централа за производство на електрична енергија преку користење на сончевата енергија, како обновлив ресурс, (како и искористувањето на хидроенергетскиот потенцијал со кој располага ова водостопанско подрачје) ќе допринесе за подобрување на енергетската покриеност на потрошувачите во согласност со принципите на еколошко искористување на ресурсите.

***Енергетика и енергетска инфраструктура***

Од аспект на **енергетиката и енергетската инфраструктура** со Просторниот план на Р Македонија се дефинираат состојбите, потребите и начините на задоволување на потрошувачката на разните видови на енергија во Р Македонија. При тоа приоритет се дава на намалување на увозната зависност на енергенти и енергија, односно задоволување на потрошувачката со домашно производство.

Според статистичките податоци последниве години во Р Македонија над 30% од потрошената електрична енергија е од увозно потекло за што се одвојуваат големи девизни средства. Зголемената потрошувачка на енергетски горива ја наметнува потребата од подобрувањето на енергетската ефикасност. Европската регулатива “Европа 2020” за паметен, одржлив и сеопфатен развој предвидува мерки за намалување на емисиите на издувни гасови, зголемување на користењето на обновливи извори на енергија и зголемување на енергетската ефикасност. Имплементирањето на овие мерки, ќе придонесе за подобра односно поквалитетна иднина за следните генерации, отворање на нови работни места, а истовремено се обезбедуваат услови за одржлив развој. Со рационално искористување на енергетските извори им се овозможува на идните генерации да имаат ресурси за сопствен раст и развој.

Размената на електрична енергија помеѓу балканските електро-енергетски системи (чии земји најчесто се увозници) е многу значаен фактор за натамошниот развој. Електроенергетските системи на балканските земји треба

да бидат поврзани со конективни водови кои што нема да преставуваат тесно грло во трансмисија на потребните количини на електрична моќност. Р Македонија досега има 400 kV конективни водови со Грција (кон Солун и Лерин) и Косово (Косово-Б) и кон Бугарија (Црвена Могила) а во план е градбата на вод кон Албанија. Планираната, со Просторниот план на РМ, траса на водот од Скопје5 кон Србија е сменета и изграден е водот Штип-Србија.

Локацијата за изградба на објект со намена Е2-комунална супраструктура (фотонапонска соларна централа), КО Крушево-вон г.р., општина Крушево нема конфликт со постојните и планирани преносни и конективни водови бидејќи минуваат далеку од оваа локација. Сите постојни и планирани преносни водови минуваат далеку од неа.

Градбата на фотоволтаични електрични централи ги подобрува перформансите на електроенергетската мрежа, го намалува увозот на електрична енергија и емисиите на стакленички гасови.

***Гасовод-нафтовод* - Природниот гас**, со сегашната потрошувачка, малку е застапен во енергетскиот сектор во Р Македонија. Со негова зголемена употреба се воведува еколошки поприфатливо гориво кое со својот хемиски состав и висока калорична моќ, претставува одлична замена за нафтата, нејзините деривати, јагленот и другите цврсти и течни горива. Природниот гас испушта помалку штетни материи во однос на другите енергенти, заради што аерозагадувањето е сведено на минимум.

Изградениот крак Жидилово-Скопје е дел од меѓународниот транзитен гасоводен систем Русија-Романија-Бугарија-Македонија. Се планира во идниот период доизградба на гасоводната мрежа во Р Македонија и поврзување со мрежите на соседните држави што ќе овозможи зголемување на сигурноста во снабдувањето на сите региони во Р Македонија, но и урамнотежување на потрошувачката во текот на целата година.

При проширувањето и натамошната доизградба на гасоводниот систем се планира да се изградат делница-2 Неготино-Прилеп-Битола и делница-12 Прилеп-Крушево со што ќе се овозможат поволни услови за развој на гасоводната мрежа во овој регион. Трасата на планираниот гасовод од делница-2 ќе минува далеку на исток од оваа локација додека трасата на делница-12 Прилеп-Крушево не е точно утврдена.

Новиот коридор на планираниот нафтовод АМБО минува во непосредна близина на оваа локација но истата не е детално одредена. Новата траса на нафтоводот АМБО, која е усвоена на седница на влада на РМ на 24.05.2004год. внесена е во годишниот извештај за спроведување на Просторниот план на Република Македонија во 2005 год.

***Население***

Утврдувањето на концептот на просторната организација, уредувањето и користењето на територијата на Републиката, а во контекст на тоа и стопанската структура, зависи од развојот, структурните промени и просторната дистрибуција на **населението**.

Врз основа на прогноза за бројот, структурата, темпото на растежот, критериумите за разместување и подвижноста, треба да се покаже просторно-временската компонента на остварување на идната организација и уредување преку демографскиот аспект.

Демографските проекции, кои на планирањето му даваат нова димензија, покажуваат или треба да покажат, како во иднина ќе се формира

населението, неговиот работен контингент (работна сила) и домаќинствата и како треба да придонесат кон сестрано согледување на идната состојба на населението како производен дел, потрошувач и управувач - креатор.

Тргнувајќи од определбата дека **популациската политика преку систем на мерки и активности** треба да влијае врз природниот прираст, се оценува дека за обезбедување на плански развој и излез од состојбата на неразвиеност се наметнува водењето активна популациска политика во согласност со можностите на социо-економски развој на Републиката. Во овие рамки треба да се води единствена популациска политика со диференциран пристап и мерки по одделни подрачја, со цел да се постигне **оптимализација во користењето на просторот и ресурсите,** хуманизација на условите за семејниот и општествениот живот на населението, намалување на миграциите, како и создавање на услови за порамномерен регионален развој на Републиката.

**Според податоците од Пописот на населението, домаќинствата и становите спроведен во 2002 год. вкупниот број на жители во општината Крушево на чиј простор се наоѓа предметната локација, изнесува 9684 жители, од кои 38.2% претставува расположива работна сила значаен потенцијал за идниот развој на овој крај.**

Како демографска рамка, населението е значајна категорија која треба да се има во предвид при апроксимацијата на потенцијалните работни ресурси и потенцијалните потрошувачи и корисници на сите видови услуги.

### *Урбанизација и систем на населби*

Урбанизацијата како сложен, динамичен процес треба да претставува основна рамка и влијателен фактор во насочувањето на долгорочниот просторен развој на Република Македонија.

Изградбата на фотонапонска соларна централа, КО Крушево-вон г.р., општина Крушево, ќе овозможи поефикасно **снабдување на руралните населби со електрична енергија,** односно приклучување на нови населби кон мрежата, што е особено значајно за оние кои немаат соодветно, односно квалитетно снабдување. Воедно преку **воведување на алтернативни извори на енергија се овозможува заштеда на необновливи извори на енергија што е еден од основните приоритети во одржливиот развој.**

**Од аспект на урбанизацијата при поставувањето на вакви објекти во просторот треба да се обрне внимание на изборот на локации од аспект на заштита на продуктивното земјиште, како и нивно вклопување во постојниот урбан модел на просторот и пејзажното обликување на окружувањето.**

Ваквите и слични иницијативи на соодветен начин се вградени во основните цели на урбанизацијата и развој и уредување на населбите, дефинирани во Просторниот план на Република Македонија:

- Создавање услови за непречено вршење на основните функции во населбите, обезбедување висок степен на заштита на животната средина и запазување на принципите на одржлив развој;
- Планско уредување и екипирање на населбите со елементи на комунална инфраструктура.

***Домување***

Основните цели на Просторниот план во областа на домувањето се во функција на оптимална проекција на станбениот простор, а се однесуваат на: обезбедување стан за секое домаќинство, подобрување на станбениот стандард, изградба на **адекватна инфраструктура во функција на поквалитетен стандард на домување**, асеизмичност во градбата, замена на субстандардниот станбен фонд и изнаоѓање модуси и дефинирање на критериуми за надминување на појавата на бесправна изградба.

Современата технологија, автоматизација и модернизација навлегува во сите пори на современиот живот, па оттаму предизвикува битни трансформации и во станот, кои квалитативно го менуваат традиционалниот тип на домување и станот.

Порастот на животниот стандард и порастот на културата на домувањето доведуваат до постојано зголемување на површината на станот, подобрување на внатрешната организација и распоред, **квантитативно и квалитативно подигнување на комуналната опременост на станот**.

Во тој контекст оваа инцијатива за изработка на **Локална урбанистичко-планска документација за изградба на објект со намена Е2-комунална супраструктура (фотонапонска соларна централа), КО Крушево-вон г.р., општина Крушево**, е во функција на обезбедување поквалитетни услуги за снабдување на домаќинствата со електрична енергија во овој дел на Република Македонија, **со што се овозможува квалитативно и квантитативно подигнување на комуналната опременост на станот како негова основна клетка.**

***Јавни функции***

Организацијата на **јавните функции** е директно поврзана со планирањето и уредувањето на населбите и зависи од типот на населбата, нејзиното место и улога во хиерархијата на населбите и соодветното ниво на централитет.

Локацијата за изработка на **Локална урбанистичко-планска документација за изградба на објект со намена Е2-комунална супраструктура (фотонапонска соларна централа), КО Крушево-вон г.р., општина Крушево,** е во функција на развој на стопанските активности и е надвор од урбаниот опфат на најблиската населба, така што нема препораки и обврски за организација на јавни функции, што значи дека се исклучени и можностите за било каков конфликт помеѓу два типа на функции.

***Индустрија***

Развојот и просторната разместеност на индустријата претставува значаен фактор и движечка сила за поттикнување на развојот на вкупната економија и модернизација на другите области од економскиот и општествениот живот. Ефикасното и успешно спроведување на насоките и определбите за поттикнување на развојот на индустриските дејности и нивно рационално разместување во просторот ги детерминираат позитивните промени и во другите сегменти на економијата: пораст на вработеноста, зголемување на бруто домашниот производ, подобрување на животниот стандард и др.

**Развојот на индустријата по одделните општини, особено помалите, се очекува да се остварува со градба на мали, флексибилни капацитети.**

**Реализацијата на ЛУПД за изградба на објект со намена Е2-комунална супраструктура (фотонапонска соларна централа), КО Крушево вон г.р., Општина Крушево на површина од 1,6 ha, ќе биде во функција на зголемување на производството на електрична енергија од обновливи ресурси (сончева енергија) што кореспондира со основните определби на Просторниот план на Р Македонија за одржлив развој.**

Индустријата која е водечка стопанска дејност и двигател на развојот на вкупната економија има значајно влијание врз квалитетот на животната средина. Во услови на усвоената развојна парадигма на "одржлив" развој, напорите треба да се насочат кон суштествени промени во стратегијата и политиката за развој и просторна алокација на производните капацитети засновани на принципите на еколошка заштита.

***Сообраќај и врски***

Комуникациската мрежа на Република Македонија, сочинета од повеќе комуникациски потсистеми, е етаблирана преку системот за сообраќај и врски врз чија основа, помеѓу другото, се темели и организацијата на просторот на државата. Комуникациските системи во Република Македонија, кои се од особено значење за развојот на стопанските активности, се очекува да се подобруваат, унапредуваат и да се развиваат во две насоки на развој на комуникациите:

- екстерното поврзување на државата (стратешки коридори);
- интерното поврзување во државата (регионални и локални потреби).

Основа за *екстерното поврзување* на државата се дефинираните комуникациски коридори согласно меѓународните конвенции и препораки, што воедно се и основа за ориентација кон европските и балканските определби за економски и технолошки комуникации, што е од особено значење за извозот.

Основата за *интерното поврзување* во државата односно планирање и развој на патната мрежа на Р Македонија се базира на категоризација на патиштата, на стратешки дефинирани меѓународни коридори за патен сообраќај, на досега изградената европска патна мрежа-ТЕМ со "Е" ознака на патиштата, на досега изградената магистрална и регионална патна мрежа, како и на определбите од долгорочната стратегија за развој.

Мрежата на патишта "Е" ознака што ги дефинира меѓународните коридори за патен сообраќај низ Републиката се: **Е-65, Е-75, Е-850, Е-871**.

Според Просторниот план на Република Македонија (2002 - 2020 г.) автопатската и магистрална патна мрежа релевантна за предметниот простор е:

- **М-5** - (Крстосница Подмоље-Охрид-Ресен-Битола-Прилеп-Велес-Бабуна-крстосница Отовица-Штип-Кочани-Делчево-БГ-Звегор), со (Крак Битола-крстосница Кукуречани-ГР-Меџитлија).

Врз основа на **Одлуката за категоризација на државните патишта („Службен весник на Република Македонија" број 133/11, 150/11 и 20/12)** овој магистрален патен правец се преименува со ознаката:

- **А3** - (Крстосница Требениште-врска со А-2-крстосница Подмоље-Охрид-Косел-Ресен-Битола-Прилеп-Велес-Штип-Кочани-Делчево-граница со

Бугарија-граничен премин Рамна Нива), делница Битола-крстосница Кукуречани-граница со Грција-граничен премин Меџитлија-делница Косел-врска со А-3-Охрид-граница со Албанија-граничен премин Љубаништа.

Во идната патна мрежа на Република Македонија, основните патни коридори ќе ги следат веќе традиционалните правци во насока север-југ (коридор 10), односно исток-запад (коридор 8), што се вкрстосуваат во просторот помеѓу градовите: Скопје, Куманово и Велес. На тој начин дел од магистралните патишта во Република Македонија ќе формираат три основни патни коридори, што треба да се изградат со технички и експлоатациони карактеристики компатибилни со системот на европските автопатишта (ТЕМ):

- север-југ: М-1 (Србија - Куманово - Велес - Гевгелија - Грција),
- исток-запад: М-2 и М-4 (Бугарија-Крива Паланка-Куманово-Скопје-Тетово-Струга-Албанија и крак Скопје - Србија),
- исток-запад: М-5 (Бугарија - Делчево - Кочани - Штип - Велес -Прилеп - Битола - Ресен - Охрид- Требеништа- М4 (крак Битола -граница со Грција).

На автопатската и магистралната патна мрежа се надоврзуваат ***регионалните патишта***, што заедно со локалните категоризирани патишта ќе ја сочинуваат патната мрежа на Република Македонија.

Релевантните регионални патни правци за предметната локација според Просторниот план на Република Македонија (2002 - 2020 г.) влегуваат во групата на **регионални патишта "Р1"** и **"Р2"** и се со ознака:

- **Р1306 –** Прилеп (врска со 1303)-Кривогаштани-Крушево-Сладуево (врска со Р1305);
- **Р2337 –** Крушево (врска со 1306)-Пуста Река-Прострање (врска со Р1305).

Динамиката за реализација на мрежата, што ќе овозможи целосно опслужување на Република Македонија, ќе биде во функција на сообраќајните потреби (очекуваниот обем на сообраќајот), потребите за интеграција во европскиот патен систем, како и економската моќ на државата, а трасите на меѓународните и магистралните патишта, задолжително ќе поминуваат надвор од населените места и се предлага да се решаваат со денивелирано вкрстосување со останатата патна мрежа.

**При планирање да се почитува Законот за јавни патишта** („Службен весник на Република Македонија” број 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16 и 163/16).

***Железнички сообраќај***: Концепцијата за развој на **железничкиот систем** базира на потребата за модернизација и проширување на железницата во целина, како и поврзување на железничката мрежа на Република Македонија со соодветните мрежи на Република Бугарија и Република Албанија.

Железничката мрежа на Република Македонија, во планскиот период, треба да ја сочинуваат: магистрални железнички линии од меѓународен карактер, регионални линии и локални линии.

Магистрални железнички линии од меѓународен карактер:

- СР- Табановце-Скопје-Гевгелија-ГР ........................ 213,5 km
- СР - Блаце-Скопје...................................................... 31,7 km

- ГР -Кременица-Битола-Велес.................................. 145,6 km
- БГ -Крива Паланка-Куманово .................................... 84,7 km
- АЛ-Струга-Кичево-Скопје ......................................... 143,0 km

Покрај постојните врски Табановце и Блаце на север, односно Гевгелија и Кременица на југ, ќе се изврши и соодветно поврзување на исток кон Република Бугарија, односно на запад кон Република Албанија, со што ќе се овозможи целосно интегрирање на македонскиот железнички систем со соодветните системи на соседните држави.

Според Просторниот план на Република Македонија (2002 - 2020 г.) железничката мрежа релевантна за предметниот простор е во групата на можни секундарни врски со соседните држави, со насока исток – запад за овозможување на целосно интегрирање на македонскиот железнички систем со соодветните системи од соседните држави:

- Велес – Благоевград, со изградба на нова железничка линија од Кочани до Благоевград.

Во планскиот период до 2020 год. меѓудругото се очекува развој на интегралниот транспорт, односно техничко-технолошкото доопремување на Македонските железници за извршување на задачите и за вклучување во меѓународниот сообраќај, што е во согласност со стратегијата на развојот на железничкиот сообраќај и со реалните можности на Република Македонија.

***Воздушен сообраќај:*** Воздушните патишта во Република Македонија се интегрален дел од европската мрежа на воздушни коридори со ширина од 10 наутички милји во кои контролирано се одвиваат прелетите над територијата на државата.

Примарната аеродромска мрежа во Република Македонија треба да ја сочинуваат вкупно 4 аеродроми за јавен воздушен сообраќај, и тоа во Скопје, Охрид, Струмица и Битола. Аеродромот во Скопје е оспособен за прием и опрема на интерконтинентални авиони, аеродромот во Охрид е реконструиран во повисока-II категорија, а новите аеродроми што се предвидуваат во Струмица и Битола се предвидени да бидат со доминантна намена за карго транспорт на стоки.

Секундарната аеродромска мрежа се предлага да ја сочинуваат сегашните 5 реконструирани и технички доопремени спортски аеродроми и вкупно 15 аеродроми за стопанска авијација, од кои 7 нови. Покрај тоа треба да се уредат и околу 20 терени за дополнителен развој на воздухопловниот спорт и туризам во согласност со меѓународните прописи за ваков вид на аеродроми.

***Радиокомуникациска и кабелска електронско комуникациска мрежа:***

Радиокомуникациска мрежа е јавна електронска комуникациска мрежа со која се обезбедува емитување, пренос или прием на знаци, сигнали, текст, слики и звуци или други содржини од каква било природа преку радиобранови. Основни елементи на примопредавателниот систем се: антените, антенските столбови, водови, засилувачи и друго.

Јавните електронски комуникациски мрежи треба да се планираат, поставуваат, градат, употребуваат и слично под услови утврдени со Законот за електронските комуникации, прописите донесени врз основа на него, прописите за просторно и урбанистичко планирање и градење, прописите за заштита на животната средина, нормативите, прописите и техничките спецификации содржани во препораките на Европската Унија.

Изложеноста на јавноста на нејонизирачко електромагнетно зрачење со пуштањето во работа на антенски систем не треба да ги надминува вредностите пропишани со Упатството за гранични вредности при изложеност на нејонизирачко зрачење издадено од Меѓународна комисија за заштита од нејонизирачко зрачење (ICNIRP – International Commission on Non-Ionizig Radiation Protection). Агенцијата за електронски комуникации врши контрола со мерење на нејонизирачкото електромагнетно зрачење, со цел да ја утврди усогласеноста на антенските системи со граничните вредности.

Оператори на мобилната телефонија во Република Македонија се: М-Телеком, ВИП и Лајкамобајл. Тие во своите секојдневни развојни активности вршат:

- Квалитетно мрежно покривање со мобилен сигнал на:
  - региони, општини, населени места,
  - подрачја од јавен интерес (културно-историски, спортски, стопански, индустриски, погранични зони и др.),
  - сообраќајна и транспортна инфраструктура.
- Подготовка на проекти за развој на мрежата согласно постоечката инфраструктура на теренот.
- Усогласување на развојните планови со одделни институции на државата (министерства, управи и сл.).

Целиот овој регион, покриени е со сигнал на мобилна телефонија на мобилните оператори.

***Кабелска електронска комуникациска мрежа -*** се користи за дистрибуција на јавни електронски комуникациски услуги до крајниот корисник. Пристапниот дел на мрежата е изграден од кабли (од бакарни парици, коаксијални, хибридни коаксијално-оптички и/или оптички) и придружни дистрибутивни и изводни точки: канали, цевки, кабелски окна/шахти, надворешни ормари и др.

Јавната кабелска електронска комуникациска мрежа и придружните средства треба да се планираат, проектираат, поставуваат и градат на начин кој нема да ја попречува работата на другите електронски комуникациски мрежи и придружни средства, како ни обезбедувањето на другите електронски комуникациски услуги.

Изградбата на јавните електронски комуникациски мрежи и придружни средства треба да се обезбеди:

- заштита на човековото здравје и безбедност,
- заштита на работната и животната средина,
- заштита на просторот од непотребни интервенции,
- заштита на инфраструктурата на изградените јавни електронски комуникациски мрежи,
- унапредување на развојот и поттикнување на инвестиции во јавните електронски комуникациски мрежи со воведување на нови технологии и услуги, а особено со воведување на следни генерации на јавни електронски комуникациски мрежи.

АД "Македонски Телекомуникации" и останатите оператори за своите корисници обезбедуваат широк опсег на услуги како што се: говорни услуги (вклучувајќи услуги со додадена вредност), услуги за пренос на податоци, пристап до Интернет, мобилни комуникациони услуги, јавни говорници и др.

Комуникациските услуги се обезбедуваат врз основа на добро воспоставената електронска комуникациска мрежа со примена на најсовремени технологии.

Телефонските корисници во ова подрачје во електронско комуникацискиот сообраќај приклучени се преку телефонската централа во Крушево.

Операторите на јавна кабелска електронска комуникациска мрежа до крајот на 2020 година треба да обезбедат можност за широкопојасен пристап до услуги (broadband) со големи брзини на: 100% од домаќинствата покриени со мрежата на операторот со можност за пристап до јавната комуникациска мрежа со брзина на пренос од 30 Mbps и најмалку 50% од домаќинствата покриени со мрежата на операторот со можност за пристап до јавната комуникациска мрежа со брзина на пренос од 100 Mbps.

***Заштита на животната средина***

Анализата на влијанијата врз животната средина, како превентива, има за цел да ги идентификува можните проблеми, да ги рационализира трошоците и да направи оптимален избор на мерките за заштита на животната средина. За разлика од "пасивниот" пристап, со кој се применуваат заштитни мерки по настанатиот проблем, што претставува финансиско оптоварување на производителите, давачите на услуги и општеството во целост, превентивната заштита на животната средина се трансформира во елемент на развој и појдовна основа за глобалното управување со животната средина засновано на принципите на **одржливиот развој**. Одржувањето на континуитет во следењето на состојбите во медиумите и областите на животната средина, дава претстава за трендот на промени кои настанале во текот на подолг временски период на анализираното подрачје, како основа за планирање и предвидување на промените кои би можело да се очекуваат во животната средина во временската рамка на која се однесува планскиот документ.

**Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработката на Локална урбанистичко-планска документација за изградба на објект со намена Е2-комунална супраструктура (фотонапонска соларна централа), КО Крушево-вон г.р., општина Крушево, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.**

Имајќи во предвид дека енергијата на сончевото зрачење претставува најобилен, неисцрпен, бесплатен и обновлив извор на енергија, кој не ја загадува околината, при разработка на влијанијата од фотоволтаичните централи врз животната средина констатирано е дека истите не создаваат емисии на штетни материи, не трошат гориво и не создаваат бучава. Досегашните научни истражувања посочуваат дека единствено негативно влијание по човековата околина е потребата од зголемена површина на земјиште за нивно инсталирање. При реализација на предвидените активности за изградба на фотоволтаична централа треба да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности, квалитетот и количината и режимот на површинските и подземните води.

Да се превземат активности за намалување на бучавата и вибрациите од опремата, со цел да се избегнат негативните ефекти од бучавата и да се почитуваат пропишаните гранични вредности за дозволено ниво на бучава во животната средина.

Доколку при поставување на фотоволтаичните централи се создаде отпад, создавачите на отпад се должни во најголема можна мера, да го избегнат создавањето на отпад и да ги намалат штетните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето. При управување со отпадот по претходно извршената селекција, отпадот треба да биде преработен по пат на рециклирање, повторно употребен во истиот или во друг процес за екстракција на секундарните суровини или пак да се искористи како извор на енергија. Создадениот отпад треба да се депонира организирано со контролиран транспортен систем во постојната депонија. Потребно е да се потенцира дека создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.

### *Заштита на природното наследство*

Од областа на **заштита на природата** *(природното наследство, природните реткости и биолошката и пределската разновидност)*, Локалната урбанистичко-планска документација треба да се усогласи со Просторниот план на Република Македонија на тој начин што, врз основа на режимот за заштита, ќе се организира распоред на активности и изградба на објекти кои ќе се усогласат со барањата кои ги поставува одржливото користење на природата и современиот третман на заштитата.

Особено внимание при заштита на природата, треба да се посвети на начинот, видот и обемот на изградбата што се предвидува во заштитените простори за да се одбегнат или да се надминат судирите и колизиите со инкомпатибилните функции. За таа цел е неопходно почитување на следните принципи:

- Оптимална заштита на просторите со исклучителна вредност;
- Зачувување и обновување на постојната биолошка и пределска разновидност во состојба на природна рамнотежа;
- Обезбедување на одржливо користење на природното наследство во интерес на сегашниот и идниот развој, без значително оштетување на деловите на природата и со што помали нарушувања на природната рамнотежа;
- Спречување на штетните активности на физички и правни лица и нарушувања во природата како последица на технолошкиот развој и извршување на дејности, односно обезбедување на што поповолни услови за заштита и развој на природата;
- Рационална изградба на инфраструктурата;
- Концентрација и ограничување на изградбата;
- Правилен избор на соодветна локација.

Согласно Законот за заштита на природата („Службен весник на Република Македонија" број 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16 и 113/18) и Законот за животна средина („Службен весник на Република Македонија" број 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) потребно е внесување на мерки за заштита на природата при планирањето и уредувањето на просторот и истите треба строго да се почитуваат.

**Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија, на просторот кој е предмет на разработка на Локална урбанистичко-планска документација за изградба на објект со намена Е2-комунална супраструктура (фотонапонска соларна централа), КО Крушево-вон г.р., општина Крушево, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство.**

Доколку при изработка на Локалната урбанистичко-планска документација или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат мерки за заштита на природното наследство:

- Утврдување на границите и означување на сите објекти кои би можеле да бидат предложени и прогласени како природно наследство;
- Забрана за вршење на какви било стопански активности кои не се во согласност со целите и мерките за заштита утврдени со правниот акт за прогласување природното добро или Просторниот план за подрачје со специјална намена;
- Магистралната и останатата инфраструктура (надземна и подземна) да се води надвор од објектите со природни вредности, а при помали зафати потребно е нејзино естетско вклопување во природниот пејзаж;
- Воспоставување на мониторинг, перманентна контрола и надзор на објектите со природни вредности и преземање на стручни и управни постапки за санирање на негативните појави;
- Воспоставување на стручна соработка со соодветни институции во окружувањето;
- Почитување на начелата за заштита на природата согласно Законот за заштита на природата.

### *Заштита на културно наследство*

Во своето милениумско постоење, човековата цивилизација од праисторијата до денес, на територија на Република Македонија, оставила значајни траги од вонредни културни, историски и уметнички вредности кои го потврдуваат постоењето, континуитетот и идентитетот на македонскиот народ на овие простори.

Просторниот аспект на недвижното културно наследство е предмет на анализа во корелација со долгорочната стратегија на економски, општествен и просторен развој, односно стратегија за зачувување и заштита на тоа наследство во услови на пазарно стопанство.

Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата, за потребите на Просторниот план на Републиката, изготви **Експертен елаборат за заштита на недвижното културно наследство** во кој е даден Инвентар на недвижното културно наследство од посебно значење.

Инвентарот содржи список на регистрирани и евидентирани недвижни културни добра, што подразбира список на недвижните предмети со утврдено својство споменик на културата, односно на недвижните предмети за кои основано се претпоставува дека имаат споменично својство. Тоа се: археолошки локалитети, цркви, манастири, џамии, бањи, безистени, кули, саат кули, турбиња, мавзолеи, конаци, мостови, згради, куќи, стари чаршии, стари

градски јадра и други споменици со нивните имиња, локации, блиските населени места, период на настанување и општините во кои се наоѓаат спомениците.

Согласно постоечката законска регулатива, видови на недвижно културно наследство се: споменици, споменични целини и културни предели.

На подрачјето на катастарската општина Крушево, кое е предмет на анализа **има** регистрирани недвижни споменици на културата (Експертен елаборат):

**Историски и меморијални подрачја:**

1. *Споменик "Илинден", Крушево, 20 век;*
2. *Куќа (Музеј на Крушевска Република), ул."Таќа Бербер" бр.44-а, Крушево, 20 век;*
3. *Куќа (Работилница за оружје), ул."Тома Никле" бр.57, Крушево, 20 век;*
4. *Куќа на Никола Карев, ул."Маршал Тито" бр.52, Крушево, 20 век.*

**Поединечни (архитектонски) споменици:**

5. *Куќа, ул."Шула Мина" бр.34, Крушево, 19-20 век;*
6. *Куќа, ул."Благој Целев" бр.15, Крушево, 19-20 век;*
7. *Куќа, ул."Благој Целев" бр.28, Крушево, 19-20 век;*
8. *Куќа, ул."Илинденска" бр.100, Крушево, 19-20 век;*
9. *Куќа, ул."Илинденска" бр.101, Крушево, 19-20 век;*
10. *Куќа, ул."Коча Миленку" бр.32, Крушево, 19-20 век;*
11. *Куќа, ул."Коча Миленку" бр.4, Крушево, 19-20 век;*
12. *Куќа, ул."Манчу Матак" бр.32, Крушево, 19-20 век;*
13. *Куќа, ул."Манчу Матак" бр.34, Крушево, 19-20 век;*
14. *Куќа, ул."Нико Доага" бр.52, Крушево, 19-20 век;*
15. *Куќа, ул."Нико Доага" бр.55, Крушево, 19-20 век;*
16. *Куќа, ул."Нико Доага" бр.56, Крушево, 19-20 век;*
17. *Куќа, ул."Нико Доага" бр.65-б, Крушево, 19-20 век;*
18. *Куќа, ул."Нико Доага" бр.68, Крушево, 19-20 век;*
19. *Куќа, ул."Партизанска" бр.6, Крушево, 19-20 век;*
20. *Куќа, ул."Партизанска" бр.28, Крушево, 19-20 век;*
21. *Куќа, ул."Партизанска" бр.38, Крушево, 19-20 век;*
22. *Куќа, ул."Питу Гули" бр.1, Крушево, 19-20 век;*
23. *Куќа, ул."Питу Гули" бр.29, Крушево, 19-20 век;*
24. *Куќа, ул."Таќа Бербер" бр.16, Крушево, 19-20 век;*
25. *Куќа, ул."Таќа Бербер" бр.17, Крушево, 19-20 век;*
26. *Куќа, ул."Тома Никле" бр.16, Крушево, 19-20 век;*
27. *Куќа, ул."Коча Миленку" бр.14, Крушево, 19-20 век;*
28. *Куќа, ул."Коча Миленку" бр.27, Крушево, 19-20 век;*
29. *Куќа, ул."Мише Ефтим" бр.63, Крушево, 19-20 век;*
30. *Куќа, ул."Нико Доага" бр.65-а, Крушево, 19-20 век;*
31. *Куќа, ул."Никола Ѓурковиќ" бр.11, Крушево, 19-20 век;*
32. *Црква Св.Јован, Крушево, 1904 год.;*
33. *Куќа, ул.'Коча Миленку" бр.29, Крушево;*
34. *Куќа, ул.'Коча Миленку" бр.15, Крушево;*
35. *Куќа, ул.'Коча Миленку" бр.22, Крушево;*
36. *Куќа, ул.'Мише Ефтим" бр.20, Крушево;*
37. *Куќа, ул.'Нико Доага" бр.66, Крушево;*
38. *Куќа, ул.'Благој Целев" бр.25, Крушево;*

39. *Куќа, ул.'8-ми Септември" бр.23, Крушево.*

***Евидентирани споменици на културата***

40. *Манастир Св. Спас, Крушево, 1850 год.*
41. *Споменик на Никола Карев Крушево, 20 век*
42. *Сппоменик на Питу Гули, Крушево, 20 век*
43. *Спменик пирамида со спомен плоча посветен на борбите со турскиот аскер, Крушево, 20 век*
44. *Споменик посветен на Илинденското востание, Крушево, 20 век*
45. *Стара Чаршија, Крушево, 20 век*
46. *Црква Св. Никола, Крушево, 19 век*
47. *Црква Св. Преображение, Крушево*
48. *Црква Св. Тројца, Крушево*
49. *Црква Св. Успение Богородично, Крушево 1867 год.*

Во **Археолошката карта на Република Македонија,** која ги проучува предисториските и историските слоеви на човековата егзистенција, од најстарите времиња до доцниот среден век, на анализираното подрачје, евидентирани се следните локалитети:

***КО Крушево,*** *Кале,* доцноантички и средновековен руднички кастел, лоциран на висок планински рид (1047 m надморска височина) оддалечен 1,8 km источно од градот; во минатото врвот бил укрепен со цврст одбрамбен ѕид, формата на укрепениот простор е неправилно издолжена со површина од 0,7 хектари. *Свето Преображение,* старохристијанска базилика и средновековна црква на околу 15 km северозападно од градот, на јужните падини на Бушева Планина, на ридот Голоманица (кота 1.664) има зарамнето плато кое благо се спушта од исток кон запад со поглед кон Прилепско Поле. Во 1988 г. Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата извршил заштитни истражувања при што е откриена голема трикорабна базилика во чиј централен кораб била подигната помала еднокорабна црква.

Според Просторниот план на Република Македонија, најголем број на цели се однесуваат на третманот и заштитата на културното наследство во плановите од пониско ниво.

При изработка на планска документација од пониско ниво, да се утврди точната позиција на утврдениот ***локалитет со културно наследство*** и во таа смисла да се применат плански мерки за заштита на недвижното наследство:

- задолжителен третман на недвижното културно наследство во процесот на изработката на просторните и урбанистичките планови од пониско ниво заради обезбедување на плански услови за нивна заштита, остварување на нивната културна функција, просторна интеграција и активно користење на спомениците на културата за соодветна намена, во туристичкото стопанство, во малото стопанство и услугите, како и во вкупниот развој на државата;
- планирање на реконструкција, ревитализација и конзервација на најзначајните споменички целини и објекти и организација и уредување на контактниот, околниот споменичен простор заради зачувување на нивната културно - историска димензија и нивна соодветна презентација;
- измена и дополнување на просторните и урбанистичките планови заради усогласување од аспект на заштитата на недвижното културно наследство.

Согласно Закон за просторно и урбанистичко планирање(„Службен весник на Република Македонија" број 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18) културното недвижно наследство во просторните и урбанистички планови треба да се третира на начин кој ќе обезбеди негово успешно вклопување во просторното и организационо ткиво на градовите и населените места или пошироките подрачја и потенцирање на неговите градежни, обликовни и естетски вредности.

***Туризам и организација на туристички простори***

**Туризмот и угостителството** со својата основна функција-прифаќање, сместување и истовремено задоволување на голем број разновидни барања и желби на туристите, влијае врз вкупната економија и развојот на одредена средина, а исто така има изразено влијание и врз просторот во кој ја извршува својата дејност. Туризмот со своето мултиплицирано влијание во процесот на стопанисување, посредно и непосредно, ги вклучува и другите гранки и дејности во вкупната понуда на туристичкиот пазар. Ова пред сé, се однесува на угостителството, трговијата, сообраќајот, занаетчиството, здравството и на разни други видови услуги. Исто така, преку туризмот се нудат и се продаваат нематеријални вредности, како што се: разни информации, обичаи, фолклор, забава, спортско-рекреативни активности и слично.

Врз основа на комплексно согледаните природни и создадени услови и ресурси по обем, квалитет, распространетост или уникатност, функционалност, атрактивност и степен на активираноста, на територијата на Република Македонија како посебни целини може да се издвојат следните видови на туристички потенцијали: водените површини, планините, бањите, целините и добрата со природно и културно наследство, транзитните туристички правци, градските населби, ловните подрачја и селата.

Согласно со основните долгорочни цели, концептот и критериумите за развој и организација на туристичката понуда, во Република Македонија се дефинирани вкупно 10 туристички региони со 54 туристички зони.

**Предметната локација припаѓа на Пелагониски туристички регион со утврдени 9 туристички зони и 25 туристички локалитети и е дел од простори коишто имаат национално туристичко значење.**

***Заштита од воени разурнувања, природни и техничко-технолошки катастрофи***

Согласно Просторниот план на Република Македонија, **предметната локација за која се наменети Условите за планирање на просторот за изработка на ЛУПД за изградба на објект со намена Е2-комунална супраструктура (фотонапонска соларна централа), КО Крушево-вон г.р., општина Крушево, се наоѓа во простори погодни за слободни територии.** Тоа се подрачја кои поради своите природни својства се тешко пристапни на оклопно-механизираните единици, надвор од урбаните агломерации и комуникации и од главните насоки на напаѓање. Овие подрачја поради слабата населеност и недоволната изграденост имаат низок степен на повредливост, заради што се погодни за формирање на слободни територии. Истовремено овие простори, кои заземаат над 50% на територијата на Републиката, заради своите географски, морфолошки и геостратегиски карактеристики се природни одбрамбени бастиони, во кои е можна успешна организација на одбраната.

Согласно со Законот за заштита и спасување, **задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување кои опфаќаат урбанистичко-технички и хуманитарни мерки.**

Согласно Законот за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија" број 93/12 - пречистен текст, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18), мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат во процесот на планирање и уредување на просторот и проектирање и изградба на објектите, на начин кој го уредува Владата на РМ со подзаконски акт.

Засолнувањето опфаќа планирање, изградба, одржување и користење на јавните засолништа, одржување и користење на изградените засолништа и на другите заштитни објекти за заштита на населението, материјалните добра и културното наследство на Републиката. Јавните засолништа се планираат согласно со програмата на Владата за мерките за заштита и спасување и програмата на единиците на локалната самоуправа за мерките за заштита и спасување, а истите се вградени во урбанистичките планови.

Јавните засолништа според отпорноста се градат како засолништа за основна заштита, во согласност со техничките нормативи за изградба на јавни засолништа што ги донесува директорот на Дирекцијата.

Републиката има обврска за изградба на јавни засолништа само во случај на исклучително загрозени објекти што ќе ги утврди Дирекцијата врз основа на геолошко-хидролошките и сеизмичките карактеристики на земјиштето и на капацитетот на задоволување на потребите за засолнување. Единиците на локалната самоуправа имаат обврска да градат јавни засолништа со кои ќе ги задоволат потребните капацитети за засолнување на луѓето, материјалните добра и културното наследство на своето подрачје.

Начинот на изградба на јавните засолништа и одржувањето и користењето на веќе изградените засолништа и други заштитни објекти и определување на потребниот број на засолнишни места со уредба ги уредува Владата.

***Сеизмичките појави - земјотресите*** се доминантни природни непогоди во Република Македонија, кои можат да имаат катастрофални последици врз човекот и природата. Присутни се низ вековите, на десет сеизмички жаришта во земјата или во нејзината поблиска и поширока околина. Земјотресите со умерени магнитуди (M<6,0) можат да предизвикаат сериозни разурнувања, бидејќи традиционално градените објекти, особено во руралните средини, не можат да ги издржат овие земјотреси без значителни оштетувања. Историските податоци покажуваат дека силните земјотреси генерирани на територијата на државата се проследени и со појава на колатерални хазарди (ликвификација, одрони, свлечишта, пукнатини, раседници, померувања), со доминантни одрони и свлечишта, што уште повеќе ги зголемува негативните последици на земјотресите.

Во досегашниот просторен развој на Републиката, природните богатства, географските, морфолошките и другите погодности имале доминантно влијание врз изградбата и уредувањето на нејзината територија, без оглед на присутните сеизмички ризици. Тоа создава конфликтна ситуација во која најголемите градови, најголем број на населението, индустриските капацитети и најзначајните комуникации, како што се коридорите север - југ и исток - запад, се лоцирани во зоните со најголема сеизмичност (интензитет од VII – X степени на МКС -64).

Локацијата за која се наменети условите за планирање на просторот се наоѓа во зона со **VII степени по Меркалиевата скала на очекувани земјотреси.**

Намалување на сеизмичкиот ризик може да се изврши со задолжителна примена на нормативно - правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, кај изградбата на новите објекти.

Во инвестиционите проекти треба да се разработат мерките за заштита на човекот, материјалните добра и животната средина од природни катастрофи.

Неопходно е перманентно ажурирање на плановите за заштита од елементарни непогоди, кои согласно законските обврски постојат за целата територија на државата, поради присутниот сеизмички хазард, како и изложеноста на други природни катастрофи. Со реализација на наведените приоритети се создаваат реални услови за успешна инженерска превенција и намалување на сеизмичкиот ризик на територијата на Република Македонија, односно за ефикасен менаџмент на ефектите и вонредните состојби предизвикани од силните сеизмички сили.

За успешно функционирање **на заштитата од природни и елементарни катастрофи** во процесот на урбанистичко планирање потребно е да се преземат соодветни мерки за **заштита од пожари**, односно евентуалните човечки и материјални загуби да бидат што помали во случај на пожари.

Во однос на диспозицијата на противпожарната заштита, предметната локација во случај на пожар ќе ја опслужуваат противпожарни единици од **градот Крушево.**

Во процесот на планирање потребно е да се води сметка за конфигурацијата на теренот, степен на загрозеност од пожари и услови кои им погодуваат на пожарите: климатско-хидролошките услови, ружата на ветрови и слично кои имаат влијание врз загрозеност и заштита од пожари.

Заради поуспешна заштита во урбанистички планови се превземаат низа мерки за отстранување на причините за предизвикување на пожари, спречување на нивното ширење, гаснење и укажување помош при отстранување на последиците предизвикани со пожари, кои се однесуваат на:

- изворите за снабдување со вода, капацитетите на водоводната мрежа и водоводните објекти кои обезбедуваат доволно количество вода за гаснење на пожари;
- оддалеченоста меѓу зоните предвидени за станбени и јавни објекти и зоните предвидени за индустриски објекти и објекти за специјална намена за сместување лесно запаливи течности, гасови и експлозивни материи;
- широчината, носивоста и проточноста на патиштата со кои ќе се овозможи пристап на противпожарни возила до секој објект и нивно маневрирање за време на гаснење на пожарите.

Заштитата од пожари опфаќа мерки и дејности од нормативен, оперативен, организационен, технички, образовно-воспитен и пропаганден карактер, кои се уредени со Законот за заштита и спасување, како и Уредбата за спроведување на заштитата и спасувањето од пожари.

Од метеоролошки појави со карактеристики на елементарни непогоди се манифестираат појавата на **град, луњени ветрови и магли**.

Едно од можните и неопходно потребни превентивни мерки за заштита од **техничко - технолошки катастрофи** е планирањето, кое преку осознавање и анализа на состојбите и опасностите од можните инциденти, во одржувањето на инсталациите и опремата, треба да создаде прифатлив однос кон животната средина.

Потребна е доследна примена на основните методолошки постапки за планирање и уредување на просторот:

- оценка на состојбите на природните компоненти на животната средина и степенот на загрозеност од појава на технички катастрофи;
- оценка на оптовареноста на просторот со технолошки системи со одредено ниво на ризик;
- анализа на меѓусебната зависност на природните услови и постојните технолошки системи;
- дефинирање на нивото на постојниот ризик при редовна секојдневна работа на технолошките системи и при појавата на инцидентни случаи;
- процена на загрозеноста на луѓето и материјалните добра;
- утврдување на критериумите за избор на оптимална варијанта на заштита врз основа на проценетиот степен на загрозеност.

Со примена на оваа методолошка постапка може де се очекува остварување на следните основни цели за заштита од техничко-технолошки катастрофи:

- максимално усогласување и користење на просторот од аспект на заштита во рамките на просторните можности;
- вградување на мерките на кои се заснова организацијата на заштита и спасување на човечките животи и материјалните добра од техничко-технолошки катастрофи во определувањето на намената на просторот;
- интегрирање на елементите на загрозеноста на прашањата врзани со заштитата на животната средина.

Заради постигнување на целосна заштита на луѓето, материјалните добра и потесната и пошироката животна средина постојат три нивоа на преземање на сигурносни, превентивни мерки:

**Прво ниво**: ги вклучува сите мерки кои се преземаат во одржувањето на опремата и инсталациите, заради сигурно користење на опасни материјали во технолошките процеси и одбегнување на технолошки катастрофи.

**Второ ниво**: се однесува на сите мерки кои треба да обезбедат ограничување на емисијата како последица од пожар, експлозија или ослободување на хемикалии, што може да се случи во околности на поголеми индустриски акциденти.

**Трето ниво**: вклучува мерки кои се преземаат за заштита на животната средина во смисла на ограничување на ефектите од емисија на опасни материи, или последици од пожар и експлозии.

При изработката на плановите од пониско ниво треба да се има предвид следното:

- Потребата од оформување на системот на евиденција и анализа на технолошките акциденти, компатибилен на системот МАРС на Европската унија, како база за евиденција на опасни материјали, присутни во технолошките постројки и можни причини на катастрофи.

- Потребата од предвидување на превентивни мерки од страна на стопанските субјекти за спречување на технолошки катастрофи, базирани врз анализата на однесувањето на исти или слични постројки.
- Изработка на соодветни планови и програми за заштита на населението и едукација и тренинг на персоналот во случај на евентуална техничка катастрофа.

***Усогласување на планската документација со Просторниот план***

Сите активности во просторот треба **да се усогласат со насоките на Просторниот план на државата**, особено значителните и оние кои се однесуваат на планирањето и изградбата на:

- државните инфраструктурни системи (патишта, железници, воздушен сообраќај, телекомуникации);
- **енергетските системи**, енерговоди и поголеми водостопански системи;
- градежните објекти важни за Државата;
- капацитетите на туристичката понуда;
- стопанските комплекси и оние кои се однесуваат на поголеми концентрации (слободни економски зони);
- капацитетите за користење на природните ресурси

Просторните планови на регионите и подрачјата од посебен интерес и урбанистичките планови се усогласуваат со Просторниот план на Републиката, особено во однос на следните елементи:

- намената и користењето на површините;
- **мрежата на инфраструктура**;
- мрежата на населби;
- заштитата на животната средина.

Насоките на Просторниот план на Републиката во однос на намената и користењето на површините се однесуваат на заложбата при изработката на урбанистичките планови, површините за сите урбани содржини треба да се бараат исклучиво на површини од послаби бонитетни класи (над ИВ категорија);

Посебни мерки и активности за остварување на рационалното користење и заштита на просторот, како и посебни интереси на просторниот развој се:

- Обезбедување на спроведување на постојните закони и прописи со кои се заштитува просторот, ресурсите и националното богатство и се организира и уредува просторот со цел за вкупен развој.
- Рационално користење на подрачјата за градба и нивно проширување или формирањето на нови врз база на критериумите за изготвување на соодветна планска документација.
- Насоките и критериумите за уредување на просторот надвор од градежните подрачја треба да се утврдат со помош на стручни основи и упатствата од ресорите на земјоделството, водостопанството, шумарството и заштитата на животната средина.
- Создавање на услови за лоцирање на мали стопански единици.

## ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Условита за планирање на просторот се изработуваат за изработка на **Локална урбанистичко-планска документација за изградба на објект со намена Е2-комунална супраструктура (фотонапонска соларна централа), на КП 2146, КП 2147 и КП 2148, КО Крушево-вон г.р., општина Крушево. Моќноста на фотонапонската соларна централа е до 980kW.** Површината на планскиот опфат изнесува 1,6 ha и зафаќа земјоделско земјиште: нива (VIII класа) и пасиште (IV класа).

Условите за планирање треба да претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот на населбата и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот, обработени во согласност со Просторниот план на Р Македонија.

### *Економски основи на просторниот развој*

- **Според определбите на Просторниот план, идниот развој и разместеност на производните и услужни дејности треба да базира на одржливост на економијата применувајќи ги законитостите на пазарната економија и релевантната законска регулатива од областа на заштитата на животната средина, особено превенција и спречување на негативните влијанија на економските активности врз животната и работна средина.**
- **Реализацијата на предвидената Локална урбанистичко-планска документација за изградба на објект со намена Е2-комунална супраструктура (фотонапонска соларна централа), КО Крушево вон г.р. Општина Крушево на површина од 1,6 ha, ќе биде во функција на одржливиот развој преку производство на енергија од обновливи извори (сончева енергија).**

### *Заштита на земјоделско земјиште*

- Согласно просторниот план на Република Македонија просторот на РМ е поделен во 6 земјоделско стопански реони и 54 микрореони. Предметната локација припаѓа на Пелагонискиот реон кој има 10 микрореони.
- При изработка на планската документација, неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредување на нормите и стандарди за градба. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето. Предметната локација зафаќа земјоделско земјиште: нива (VIII класа) и пасиште (IV класа).

### *Водостопанство и водостопанска инфраструктура*

- Изградбата на фотонапонската централа со која преку користење на сончевата енергија, како обновлив ресурс, ќе се производува електрична енергија (како и искористувањето на хидроенергетскиот потенцијал со кој располага ВП „Пелагонија") ќе допринесе за подобрување на енергетска-

та покриеност на потрошувачите во согласност со принципите на еколошко искористување на ресурсите.

***Енергетика и енергетска инфраструктура***

- Локацијата за изградба на објект со намена Е2-комунална супраструктура (фотонапонска соларна централа), КО Крушево-вон г.р., општина Крушево нема конфликт со постојните и планирани енергетски водови.
- Градбата на фотоволтаични електрични централи ги подобрува перформансите на електроенергетската мрежа, го намалува увозот на електрична енергија и емисиите на стакленички гасови.

***Урбанизација и систем на населби***

- Изградбата на фотонапонска соларна централа, КО Крушево-вон г.р., општина Крушево, ќе овозможи поефикасно **снабдување на руралните населби со електрична енергија,** односно приклучување на нови населби кон мрежата, што е особено значајно за оние кои немаат соодветно, односно квалитетно снабдување. Преку **воведување на алтернативни извори на енергија се овозможува заштеда на необновливи извори на енергија што е еден од основните приоритети во одржливиот развој.**

***Домување***

- Инцијативата за изработка на **Локална урбанистичко-планска документација за изградба на објект со намена Е2-комунална супраструктура (фотонапонска соларна централа), КО Крушево-вон г.р., општина Крушево**, е во функција на обезбедување поквалитетни услуги за снабдување на домаќинствата со електрична енергија во овој дел на Република Македонија, **со што се овозможува квалитативно и квантитативно подигнување на комуналната опременост на станот како негова основна клетка.**

***Јавни функции***

- Локацијата за изработка на **Локална урбанистичко-планска документација за изградба на објект со намена Е2-комунална супраструктура (фотонапонска соларна централа), КО Крушево-вон г.р., општина Крушево,** е во функција на развој на стопанските активности и е надвор од урбаниот опфат на најблиската населба, така што нема препораки и обврски за организација на јавни функции, што значи дека се исклучени и можностите за било каков конфликт помеѓу два типа на функции.

***Индустрија***

- **Развојот на индустријата по одделните општини, особено помалите, се очекува да се остварува со градба на мали, флексибилни капацитети.**
- **Реализацијата на ЛУПД за изградба на објект со намена Е2-комунална супраструктура (фотонапонска соларна централа), КО**

**Крушево вон г.р., Општина Крушево на површина од 1,6 ha, ќе биде во функција на зголемување на производството на електрична енергија од обновливи ресурси (сончева енергија) што кореспондира со основните определби на Просторниот план на Р Македонија за одржлив развој.**

***Сообраќајна инфраструктура***

- Според Просторниот план на Република Македонија (2002 - 2020 г.) автопатската и магистрална патна мрежа релевантна за предметниот простор е:

  **А3** - (Крстосница Требениште-врска со А-2-крстосница Подмолје-Охрид-Косел-Ресен-Битола-Прилеп-Велес-Штип-Кочани-Делчево-граница со Бугарија-граничен премин Рамна Нива), делница Битола-крстосница Кукуречани-граница со Грција-граничен премин Меџитлија-делница Косел-врска со А-3-Охрид-граница со Албанија-граничен премин Љубаништа.
- **При планирање да се почитува Законот за јавни патишта** („Службен весник на Република Македонија” број 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16 и 163/16).
- Релевантните регионални патни правци за предметната локација според Просторниот план на Република Македонија (2002 - 2020 г.) влегуваат во групата на **регионални патишта "Р1"** и **"Р2"** и се со ознака:

  **Р1306 –** Прилеп (врска со 1303)-Кривогаштани-Крушево-Сладуево (врска со Р1305);

  **Р2337 –** Крушево (врска со 1306)-Пуста Река-Пространје (врска со Р1305).;
- **При планирање да се почитува Законот за јавни патишта** („Службен весник на Република Македонија” број 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16 и 163/16).

***Радиокомуникациска и кабелска електронско комуникациска мрежа:***

- Локацијата со основна класа на намена Е2-комунална супраструктура (фотонапонска соларна централа), КО Крушево вон г.р. Општина Крушево, нема конфликт со постојните и планирани радиокомуникациски и кабелски електронско комуникациски мрежи.
- Преку кабелските електронски комуникациски мрежи, на крајните корисници треба да им се обезбеди сигурен пренос на јавни електронски комуникациски услуги со задоволување на одредени општи и посебни услови за квалитет, во согласност со Законот за електронските комуникации и препораките за обезбедување на одредено ниво на квалитет на пренос.

***Заштита на животна средина***

- **Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработката на Локална урбанистичко-планска документација за изградба на објект со намена Е2-комунална**

**супраструктура (фотонапонска соларна централа), КО Крушево-вон г.р., општина Крушево, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.**

- Да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности, квалитетот, количината и режимот на површинските и подземните води.
- Да се превземат активности за намалување на бучавата и вибрациите од опремата, со цел да се избегнат негативните ефекти од бучавата и да се почитуваат пропишаните гранични вредности за дозволено ниво на бучава во животната средина.
- Создавачите на отпад се должни во најголема можна мера, да го избегнат создавањето на отпад и да ги намалат штетните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето. При управување со отпадот по претходно извршената селекција, отпадот треба да биде преработен по пат на рециклирање, повторно употребен во истиот или во друг процес за екстракција на секундарните суровини или пак да се искористи како извор на енергија.
- Евентуалниот отпад што може да се формира во тек на изградбата и експлоатациониот период треба да се депонира организирано со контролиран транспортен систем во постојната депонија.
- Создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.

***Заштита на природно наследство***

- **Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија, на просторот кој е предмет на разработка на Локална урбанистичко-планска документација за изградба на објект со намена Е2-комунална супраструктура (фотонапонска соларна централа), КО Крушево-вон г.р., општина Крушево, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство.**
- Доколку при изработка на Локалната урбанистичко-планска документација или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат соодветни мерки за заштита на природното наследство согласно Законот за заштита на природата.

***Заштита на културно наследство***

- **Согласно податоците од Експертниот елаборат за заштита на културното наследство и Археолошката карта на Република Македонија на подрачјето на катастарската општина Крушево, има регистрирани и евидентирани недвижни споменици на културата.**
- При изработка на планска документација од пониско ниво да се утврди точната локација на евидентираното и регистрираното културно

наследство и во таа смисла да се применат соодветните плански мерки за заштита на истото.

- Доколку при изведување на земјаните работи се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно-историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со постоечката законска регулатива (Закон за заштита културното наследство - „Службен весник на Република Македонија" број 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16 и 11/18), односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство.

***Развој на туризмот***

- Локацијата со основна класа на намена Е2- комунална супраструктура (фотонапонска централа), КО Крушево вон г.р., Општина Крушево нема конфликт со постојните и планирани радиокомуникациски и кабелски електронско комуникациски мрежи.
- Преку кабелските електронски комуникациски мрежи, на крајните корисници треба да им се обезбеди сигурен пренос на јавни електронски комуникациски услуги со задоволување на одредени општи и посебни услови за квалитет, во согласност со Законот за електронските комуникации и препораките за обезбедување на одредено ниво на квалитет на пренос.

***Заштита од воени разурнувања, природни и техничко-технолошки катастрофи***

- **Локацијата за која се наменети условите за планирање на просторот за изработка на ЛУПД за изградба на објект со намена Е2-комунална супраструктура (фотонапонска соларна централа), КО Крушево-вон г.р, општина Крушево, се наоѓа во простори погодни за слободни територии.** Според тоа во согласност со Законот за заштита и спасување, задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.
- Задолжителна примена на мерки за заштита од пожар.
- **Анализираниот простор се наоѓа во подрачје каде се можни потреси со јачина до VII степени по МКС**, што наметнува задолжителна примена на нормативно-правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, кај изградбата на новите објекти.

# ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
## 2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
*Синтезни карти*

Тема:
*Биланс на намена на површините*

***Користење на земјиштето*** *Карта бр. 20*

Легенда:

- шуми и шумско земјиште
- земјоделско земјиште
- наводнувани површини
- високопланински пасишта
- акумулации
- зони за експлоат. на минерали
- туристички простори
- транзитни коридори
- туристички центри
- автопат
- магистрален пат
- регионален пат
- железничка мрежа
- воздухопловно пристаниште



# ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
## 2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
*Синтезни карти*

Тема:
*Просторно-функционална организација*

## *Систем на населби и сообраќајна мрежа*

*Карта бр. 22*

Легенда:

- Центар на макрорегион
- Центар на микрорегион
- Центри на просторно-функционални единици
- Управа
- Просторно-функц. единици
- Граници на влијанија на макрорегион. центри
- Општински центар

**Образование**
- Средно
- Вишо
- Високо

**Здравствена заштита**
- Секундарна
- Терцијална

**Оски на развој**
- источна
- север-југ
- западна
- јужна
- северна

- Слободна економ.зона
- Автопат
- Магистрален пат
- Регионален пат
- Железничка мрежа
- Воздухоплов. пристан.
- Стопански аеродром
- Спортски аеродром



# ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
## 2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:

*Синтезни карти*

Тема:

*Техничка инфраструктура*

## *Водостопанска и енергетска инфраструктура*

*Карта бр. 23*

Легенда:

- Изворишта
- Водоводен систем
- Регионален водост. систем
- Акумулации
- Акумулации по 2020г.
- Природни езера
- Наводнувани површини
- Водостопански подрачја
- Термоелектрани
- Хидроелектрани

Далноводи: 110 kV, 220 kV, 400 kV

Трафостаници: 110 kV, 220 kV, 400 kV

- Рафинерија
- Нафтовод
- Индустриски топлани
- Рудник на јаглен
- Брикетара
- Гасовод
- Регулациони станици
- Канализационен систем



# ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
## 2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

---

Сектор:
*Синтезни карти*

Тема:
*Заштита на животната средина*

## ***Реонизација и категоризација на просторот за заштита*** *Карта бр. 24*

---

Легенда:

- Граници на региони за управување со животната средина
- Заштита на простори со природни вредности
- Рекултивација на деград. простори
- Управување со загад. на воздух и вода
- Заштита на реки со нарушен квалитет
- Заштита на акумулации и реки за водозафати
- Рекултивација на деградирани простори
- Заштита на земјоделско земјиште
- Заштита на шуми
- Поволни подрачја за лоцирање регионални санитарни депонии
- Поволни хидрогеолошки средини за лоцирање на депонии
- Споменичко подрачје
- Археолошки локалитети
- Споменички целини



# ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА Е-2 ФОТОНАПОНСКА СОЛАРНА ЦЕНТАРЛА СО МОЌНОСТ ДО 980 Kw НА КП 2146, 2147 и 2148, Ко Крушево вон град, Општина Крушево

## АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА СО ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ ПОШИРОКО ОПКРУЖУВАЊЕ




ЛЕГЕНДА:

- ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ НА ЛУПД

КЛАСИ НА НАМЕНА

Е2

Е - ИНФРАСТРУКТУРА
Е2 - КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА - ФОТОНАПОНСКА СОЛАРНА ЦЕНТРАЛА




| | | | |
|---|---|---|---|
| ЗУМ ПРОЕКТ СКОПЈЕ e-mail: zumproekt@zumproekt.mk | ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА Е-2 ФОТОНАПОНСКА СОЛАРНА ЦЕНТАРЛА СО МОЌНОСТ ДО 980 Kw НА КП 2146, 2147 и 2148, Ко Крушево вон град, Општина Крушево | | |
| УПРАВИТЕЛ: Иво Ѓорѓиев, дип. инж. арх. | заверува: ОПШТИНА КРУШЕВО | | У |
| ЛИЦЕНЦА 0058 | нарачател: Даница Мицкоска | | |
| ПЛАНЕР: Иво Ѓорѓиев, дипл.инж.арх. овластување О.0101 | прилог: ПОШИРОКА ПРОСТОРНА ДИСПОЗИЦИЈА | | |
| СОРАБОТНИЦИ: Нина Смрајц, дипл.инж.арх.овластување О.0310 | РАЗМЕР М=1:500 | ТЕХ.БР. 39/18-У / ДАТА Јуни 2020 | ЛИСТ БР: 01 |




# ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА Е-2 ФОТОНАПОНСКА СОЛАРНА ЦЕНТАРЛА СО МОЌНОСТ ДО 980 Kw НА КП 2146, 2147 и 2148, Ко Крушево вон град, Општина Крушево

## АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА СО ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ - ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА -

ЛЕГЕНДА

- ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ НА ЛУПД - 1,5987 ха





ЗУМ ПРОЕКТ
СКОПЈЕ
e-mail: zumproekt@zumproekt.mk


| | | | |
|---|---|---|---|
| ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА Е-2 ФОТОНАПОНСКА СОЛАРНА ЦЕНТАРЛА СО МОЌНОСТ ДО 980 Kw НА КП 2146, 2147 и 2148, Ко Крушево вон град, Општина Крушево | | | |
| УПРАВИТЕЛ: Иво Ѓорѓиев, дип. инж. арх. | одобрува: ОПШТИНА КРУШЕВО | | У |
| ЛИЦЕНЦА 0058 | нарачател: Даница Мицкоска | | |
| ПЛАНЕР: Иво Ѓорѓиев, дипл.инж.арх. овластување О.0101 | прилог: АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА СО ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ | | |
| СОРАБОТНИЦИ: Нина Смрајц, дипл.инж.арх.овластување О.0310 | РАЗМЕР М=1:1000 | ТЕХ.БР. 39/18-У | ЛИСТ |
| | | ДАТА февруари 2022 | БР: 01 |

# ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА Е-2 ФОТОНАПОНСКА СОЛАРНА ЦЕНТАРЛА СО МОЌНОСТ ДО 980 Kw НА КП 2146, 2147 и 2148, Ко Крушево вон град, Општина Крушево

## ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ГРАДБИТЕ СО ПРАВЕН СТАТУС - ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА -




ЛЕГЕНДА

- ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ НА ЛУПД - 1,5987 ха
- НЕМА ГРАДБИ ВО ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ

| | |
|---|---|
| ЗУМ ПРОЕКТ СКОПЈЕ e-mail: zumproekt@zumproekt.mk | ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА Е-2 ФОТОНАПОНСКА СОЛАРНА ЦЕНТАРЛА СО МОЌНОСТ ДО 980 Kw НА КП 2146, 2147 и 2148, Ко Крушево вон град, Општина Крушево |
| УПРАВИТЕЛ: Иво Ѓорѓиев, дип. инж. арх. | одобрува: ОПШТИНА КРУШЕВО |
| ЛИЦЕНЦА 0058 | нарачател: Даница Мицкоска |
| ПЛАНЕР: Иво Ѓорѓиев, дипл.инж.арх. овластување О.0101 | прилог: ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ГРАДБИТЕ СО ПРАВЕН СТАТУС |
| СОРАБОТНИЦИ: Нина Смрајц, дипл.инж.арх.овластување О.0310 | РАЗМЕР М=1:1000 · ТЕХ.БР. 39/18-У · ДАТА февруари 2022 · ЛИСТ БР: 02 · У |




# ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА Е-2 ФОТОНАПОНСКА СОЛАРНА ЦЕНТАРЛА СО МОЌНОСТ ДО 980 Kw НА КП 2146, 2147 и 2148, Ко Крушево вон град, Општина Крушево

## ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ИЗГРАДЕНИОТ ГРАДЕЖЕН ФОНД, ВКУПНА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА, НА ЗЕМЈИШТЕТО И ЗЕЛЕНИЛОТО ВО ПЛАНСКИОТ ОПФАТ

## - ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА -

### ЛЕГЕНДА

- ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ НА ЛУПД - 1,5987 ха

КП 2146, 2147, 2148 - БРОЈ НА КАТАСТАРСКА ПАРЦЕЛА

- НЕИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ

- ПРИСТАПЕН ЗЕМЈЕН ПАТ




| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ЗУМ ПРОЕКТ СКОПЈЕ e-mail: zumproekt@zumproekt.mk | ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА Е-2 ФОТОНАПОНСКА СОЛАРНА ЦЕНТАРЛА СО МОЌНОСТ ДО 980 Kw НА КП 2146, 2147 и 2148, Ко Крушево вон град, Општина Крушево | | | |
| УПРАВИТЕЛ: Иво Ѓорѓиев, дип. инж. арх. | одобрува: ОПШТИНА КРУШЕВО | | | У |
| ЛИЦЕНЦА 0058 | нарачател: Даница Мицкоска | | | |
| ПЛАНЕР: Иво Ѓорѓиев, дипл.инж.арх. овластување О.0101 | прилог: ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ИЗГРАДЕНИОТ ГРАДЕЖЕН ФОНД, ВКУПНА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА НА ЗЕМЈИШТЕТО И ЗЕЛЕНИЛОТО ВО ПЛАНСКИОТ ОПФАТ | | | |
| СОРАБОТНИЦИ: Нина Смрајц, дипл.инж.арх.овластување О.0310 | РАЗМЕР | ТЕХ.БР. | 39/18-У | ЛИСТ |
| | М=1:1000 | ДАТА | февруари 2022 | БР: 03 |




# ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА Е-2 ФОТОНАПОНСКА СОЛАРНА ЦЕНТАРЛА СО МОЌНОСТ ДО 980 Kw НА КП 2146, 2147 и 2148, Ко Крушево вон град, Општина Крушево

## ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ИЗГРАДЕНА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА
## - ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА -

### ЛЕГЕНДА

- ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ НА ЛУПД - 1,5987 ха

КП 2146, 2147, 2148 - БРОЈ НА КАТАСТАРСКА ПАРЦЕЛА

- ПРИСТАПЕН ЗЕМЈЕН ПАТ




ЗУМ ПРОЕКТ
СКОПЈЕ
e-mail: zumproekt@zumproekt.mk

ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА Е-2 ФОТОНАПОНСКА СОЛАРНА ЦЕНТАРЛА СО МОЌНОСТ ДО 980 Kw НА КП 2146, 2147 и 2148, Ко Крушево вон град, Општина Крушево

УПРАВИТЕЛ: Иво Ѓорѓиев, дип. инж. арх.

ЛИЦЕНЦА 0058

ПЛАНЕР:
Иво Ѓорѓиев, дипл.инж.арх. овластување О.0101

СОРАБОТНИЦИ:
Нина Смрајц, дипл.инж.арх.овластување О.0310

одобрува: ОПШТИНА КРУШЕВО

нарачател: Даница Мицкоска

прилог:
ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ИЗГРАДЕНА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

У

| РАЗМЕР | ТЕХ.БР. | 39/18-У | ЛИСТ |
|---|---|---|---|
| М=1:1000 | ДАТА | февруари 2022 | БР: 04 |

Тех. Бр. 39/18-У

ЗУМ ПРОЕКТ
СКОПЈЕ
email: zumproekt@zumproekt.mk

ДРУШТВО ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ, РЕВИЗИЈА И НАДЗОР
ЗУМ ПРОЕКТ ДОО Скопје
бул. Јане Сандански бр. 59-1/1 мезанин, Скопје
MAIL: ZUMPROEKT@ZUMPROEKT.MK

# ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

# ЗА Е-2 ФОТОНАПОНСКА СОЛАРНА ЦЕНТРАЛА СО МОЌНОСТ ДО 980 kW на КП 2146, 2147 и 2148

**КО Крушево – вон град**
**ОПШТИНА КРУШЕВО**

**ТЕХНИЧКИ БРОЈ 39/18-У**
**Мај 2022**

ЗУМ ПРОЕКТ
СКОПЈЕ
email: zumproekt@zumproekt.mk

ДРУШТВО ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ, РЕВИЗИЈА И НАДЗОР
**ЗУМ ПРОЕКТ ДОО Скопје**
**бул. Јане Сандански бр. 59-1/1 мезанин, Скопје**
**mail: zumproekt@zumproekt.mk**

# ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

# ЗА Е-2 ФОТОНАПОНСКА СОЛАРНА ЦЕНТРАЛА СО МОЌНОСТ ДО 980 kW на КП 2146, 2147 и 2148

## КО Крушево – вон град
## ОПШТИНА КРУШЕВО

**НАРАЧАТЕЛ:** Даница Мицкоска

**ОДОБРИЛ:** ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА КРУШЕВО

**ИЗРАБОТУВАЧ:** ЗУМ ПРОЕКТ доо Скопје

**УПРАВИТЕЛ:** Иво Ѓорѓиев, дипл.инж.арх.

**ТЕХНИЧКИ БРОЈ**: 39/18-У

**ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА**
**НА**

# ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

# ЗА Е-2 ФОТОНАПОНСКА СОЛАРНА ЦЕНТРАЛА СО МОЌНОСТ ДО 980 kW на КП 2146, 2147 и 2148

**КО Крушево – вон град**
**ОПШТИНА КРУШЕВО**

| | |
|---|---|
| **ПЛАНЕРИ:** | **РАКОВОДИТЕЛ И ПОТПИСНИК НА ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА** |
| | Иво Ѓорѓиев, дипл.инж.арх.<br>број на овластување 0.0101 |
| **СОРАБОТНИЦИ:** | Нина Смрајц, дипл.инж.арх.<br>број на овластување 0.0310 |

## С О Д Р Ж И Н А:

1) ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ
2) НУМЕРИЧКИ ДЕЛ
3) ГРАФИЧКИ ДЕЛ

**1) ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ:**


**1. ВИД НА ПЛАН, НАЗИВ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ И ПЛАНСКИ ПЕРИОД ............... 6**
**2. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИОТ КОНЦЕПТ НА ПРОСТОРНИОТ РАЗВОЈ И ХАРМОНИЗАЦИЈА НА ПРОСТОРОТ НА ПОДРАЧЈЕТО ВО РАМКИТЕ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ ............ 6**
**3. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИТЕ РЕШЕНИЈА ЗА ИЗГРАДБА, НА НАМЕНСКАТА УПОТРЕБА НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ПАРЦЕЛИРАНО ЗА ИЗГРАДБА, НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ОПШТА УПОТРЕБА............ 7**
3.1. Граница на плански опфат ............ 7
3.2. Регулациони линии ............ 7
3.3. Оформување на една градежна парцела............ 7
3.4. Утврден простор определен со градежни линии во кое е дозволено поставување на површини за градење на повеќе градби............ 7
3.5. Урбанистички параметри за планскиот опфат ............ 8
*3.5.1. Планирани површини по намени на земјиштето............ 8*
*3.5.2. Планирани вкупни етажни површини за градење по намена на градбите ............ 8*
*3.5.3. Процент на изграденост ............ 8*
*3.5.4. Коефициент на искористеност на земјиштето ............ 8*
3.6. Урбанистички параметри за градежната парцела ............ 8
*3.6.1. Намена на градбите ............ 8*
*3.6.2. Површина на градежна парцела ............ 8*
*3.6.3. Планирана површина за градење ............ 8*
*3.6.4. Планирана вкупна етажна површина за градење............ 8*
*Градбите се предвидени од два етажа............ 8*
*3.6.5. Максимална височина на градбата изразена во метри............ 8*
*3.6.6. Максимален број на спратови............ 8*
*3.6.7. Процент на изграденост ............ 9*
*3.6.8. Коефициент на искористеност............ 9*
3.7. Ограда на комплексот............ 9
**4. НАМЕНА И НАЧИНА НА ИЗГРАДБА И КОРИСТЕЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ЈАВНА УПОТРЕБА............ 9**
**5. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПланСКИТЕ РЕШЕНИЈА ЗА ИЗГРАДБА, НА СООБРАЌАЈНА И КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА ............ 9**
5.1. Сообраќаен и нивелмански план ............ 9
*5.1.1. Сообраќајно поврзување............ 9*
*5.1.2. Сообраќаен план............ 9*
*5.1.3. Нивелмаски план............ 10*
5.2. Водостопанска инфраструктура............ 10
*5.2.1. Водоснабдување ............ 10*
*5.2.2. Одведување на отпадни води ............ 10*
5.3. Електроенергетска и комуникациска инфраструктура и јавно осветлување ............ 10
*5.3.1. Елекротроенергетска инфраструктура............ 10*
*5.3.2. Комуникациска инфраструктура............ 11*
*5.3.3. Јавно осветлување............ 11*
**6. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО, ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА, МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА ОД РАЗУРНУВАЊА ............ 11**
6.1. Мерки за заштита на културното наследство............ 11
6.2. Заштита на животната средина............ 11
*6.2.1. Мерки за заштита на почвата ............ 13*
*6.2.2. Мерки за управување со отпадот............ 13*
*6.2.3. Мерки за заштита на воздухот ............ 13*
*6.2.4. Мерки за заштита на водите ............ 13*
*6.2.5. Мерки за заштита од бучава во животната средина............ 14*
6.3. Мерки за заштита на природното наследство............ 14
6.4. Мерки за заштита и спасување ............ 14
*6.4.1. Урбанистичко-технички мерки и хуманитарни мерки............ 17*
6.4.1.1. Мерки за засолнува`ње ............ 17
6.4.1.2. Мерки за заштита од поплави ............ 17
6.4.1.3. Мерки за заштита од пожар, експлозии и опасни материи ............ 18

6.4.1.4. Заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства ...................... 19
6.4.1.5. Мерки за заштита од урнатини................................................................................. 19
6.4.1.6. Мерки за заштита од техничко технолошки несреќи .............................................. 20
6.4.1.7. Спасување од сообраќајни несреќи......................................................................... 21
6.4.1.8. Евакуација .................................................................................................................. 21
6.4.1.9. Згрижување на загрозеното и настраданото население........................................ 21
6.4.1.10. Радиолошка, хемиска и биолошка заштита ........................................................... 22
6.4.1.11. Прва медицинска помош .......................................................................................... 23
6.4.1.12. Мерки за асанација на теренот ................................................................................ 23
**7. МЕРКИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА БАРИЕРИ ЗА ЛИЦАТА СО ИНВАЛИДНОСТ ..................................... 23**
**8. УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА ............................................................................................................... 24**
8.1. Општи услови за изградба...................................................................................................... 24
8.2. Посебни услови за изградба................................................................................................... 29

## 2) НУМЕРИЧКИ ДЕЛ

2.1. НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ

2.2. БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ

## 3) ГРАФИЧКИ ДЕЛ

0. ПОШИРОКА ПРОСТОРНА ДИСПОЗИЦИЈА ................................................................. 1:10000
1. ПЛАН НА НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕТО И ГРАДБИТЕ...................................................... 1:1000
2. РЕГУЛАЦИСКИ ПЛАН.................................................................................................... 1:1000
3. ПЛАН НА ПОВРШИНИ ЗА ГРАДЕЊЕ............................................................................ 1:1000
4. СООБРАЌАЕН И НИВЕЛАЦИСКИ ПЛАН ........................................................................ 1:1000
5. ИНФРАСТРУКТУРЕН ПЛАН.......................................................................................... 1:1000
6. СИНТЕЗЕН ПЛАН .......................................................................................................... 1:1000

# ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

## 1. ВИД НА ПЛАН, НАЗИВ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ И ПЛАНСКИ ПЕРИОД

Планската документација претставува Локална урбанистичка планска документација (ЛУПД) за Е2 Фотонапонска соларна централа –со моќност до 980 kW на КП 2146, 2147 и 2148, КО Крушево – вон град, општина Крушево, која се изработува врз основа на Член 46 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18) со содржина согласно Правилник за поблиска содржина, форма и начин на обработка на Генерален урбанистички план, Детален урбанистички план, Урбанистички план за село, Урбанистички план вон населено место и регулациски план на Генерален урбанистички план, формата, содржината и начинот на обработката на Урбанистичко-плански документации и Архитектонско-урбанистички проект и содржината, формата и начинот на обработката на Проектот за инфраструктура (Сл. в. на РМ бр 142/15), како и согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18) и другата законска регулатива што го допира планирањето.

## 2. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИОТ КОНЦЕПТ НА ПРОСТОРНИОТ РАЗВОЈ И ХАРМОНИЗАЦИЈА НА ПРОСТОРОТ НА ПОДРАЧЈЕТО ВО РАМКИТЕ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ

Анализата на просторот, анализата на можностите за просторен развој и Планската програма се основа за планскиот концепт. Планскот концепт е во директна зависност од природните фактори и од можностите за просторна композиција, односно естетско обликување на просторот. Планскиот концепт е условен и од мерките за заштита на животната средина и природата и заштитата и спасувањето.

Просторот има пејсажни вредности, претставува стрмен терен со пад кон југоисток. Целта на планскиот концепт е да изврши хармонизација на просторните природни услови и предвидените градби во функционална целина со естетска препознатливост.

Сообраќајниот концепт е основа за планскиот концепт. Постоечката сообраќајна инфраструктура за Локалната урбанистичка планска документација, го услови планираното сообраќајно решение, кое е поставено во корелација со стандардите и нормативите за планирање на ваков простор.

Со оваа Локална урбанистичка планска документација се одредуваат основните наменски употреби на земјиштето, водејќи сметка планскиот опфат да добие своја препознатливост.

Наменета на планскиот опфат е за градба на фотонапонска соларна централа чие што архитектонско обликување не претставува посебна естетска вредност.

Просторот кој е предмет на изработка на локална урбанистичка планска документација се наоѓа на територија на општина Крушево и до сега за тој простор општината нема изготвено урбанистичка документација.

- На север со КП 1923, 1924, 1927, 1928 и 1929
- На исток со пристапниот пат
- На југ со КП 2150, 2149, 2142, 2144 и 2145
- На запад со КП 2151 и 1909

Планскиот опфат, има површина од 1.5987,80 м2

Планскиот опфат лежи на територијата која како крајни точки ги има следните координати:

површина 15987.7974 m2
периметар 587.4009 m

| | | | |
|---|---|---|---|
| X=7520672.7000 | Y=4582239.8000 | X=7520465.7800 | Y=4582239.7600 |
| X=7520679.3100 | Y=4582226.0200 | X=7520488.4900 | Y=4582247.6800 |
| X=7520685.7700 | Y=4582215.2300 | X=7520502.3100 | Y=4582257.5900 |
| X=7520669.4300 | Y=4582202.4700 | X=7520504.2100 | Y=4582259.4100 |
| X=7520646.2900 | Y=4582188.4600 | X=7520523.5500 | Y=4582251.7000 |
| X=7520589.2400 | Y=4582154.2100 | X=7520530.2100 | Y=4582248.6100 |
| X=7520538.5200 | Y=4582150.7400 | X=7520555.8600 | Y=4582234.8200 |
| X=7520488.6100 | Y=4582155.9100 | X=7520569.6700 | Y=4582232.2300 |
| X=7520472.6600 | Y=4582175.1200 | X=7520609.5200 | Y=4582226.3300 |
| X=7520449.8700 | Y=4582179.7700 | X=7520609.6000 | Y=4582226.2500 |
| X=7520464.3500 | Y=4582197.6600 | X=7520650.4200 | Y=4582237.3600 |
| X=7520450.0800 | Y=4582222.2900 | X=7520660.3300 | Y=4582235.4300 |
| X=7520459.3800 | Y=4582231.3500 | X=7520672.7000 | Y=4582239.8000 |

Границата на планскиот опфат е прикажана со линија која ги поврзува сите прекршни точки, означени со редни броеви од 1 до 26, а за секоја точка табеларно се дадени параметрите по X и Y координати.

Табелата е прикажана во Член 1 од Општите услови за изградба, како дел од оваа Локална Урбанистичка планска документација.

## 3. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИТЕ РЕШЕНИЈА ЗА ИЗГРАДБА, НА НАМЕНСКАТА УПОТРЕБА НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ПАРЦЕЛИРАНО ЗА ИЗГРАДБА, НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ОПШТА УПОТРЕБА

### 3.1. Граница на плански опфат

Локалната урбанистичка планска документација, е изработена за локација дефинирана со линија и прекршни точки, во рамки на земјиште кое е приватна сопственост. Планскиот опфат зафаќа вкупна површина од површина 15987.80м$^2$ и периметар од 587,40м.

### 3.2. Регулациони линии

Регулационата линија е граница меѓу градежно земјиште за општа употреба и градежно земјиште парцелирано на градежни парцели наменети за поединечна намена. Регулационата линија се поклопува со линијата на градежната парцела и со надворешната линија на пристапниот пат.

### 3.3. Оформување на една градежна парцела

Планскиот опфат е составен од една (1) градежна парцела. Линијата на градежната парцела се движи по границите на КП. Линијата на градежната парцела од страната на планираниот пристапен пат се поклопува со регулационата линија.

### 3.4. Утврден простор определен со градежни линии во кое е дозволено поставување на површини за градење на повеќе градби

Во планскиот опфат утврдена е една површина за градење на повеќе градби.

### 3.5. Урбанистички параметри за планскиот опфат

#### *3.5.1. Планирани површини по намени на земјиштето*

Со Локалната урбанистичка планска документација, се предвидуваат следните намени на земјиштето (дефинирањето е според Член 28 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18):

Група на класа на намена:
група на класа на намена Е – Инфраструктура

#### *3.5.2. Планирани вкупни етажни површини за градење по намена на градбите*

Градбите се предвидени од еден етаж.

#### *3.5.3. Процент на изграденост*

Процентот на изграденост е 70,00%.

#### *3.5.4. Коефициент на искористеност на земјиштето*

Коефициентот на искотистеност е 0,70.

### 3.6. Урбанистички параметри за градежната парцела

#### *3.6.1. Намена на градбите*

Со Локалната урбанистичка планска документација, се предвидуваат следните намени на земјиштето (дефинирањето е според Член 28 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18):

Група на класа на намена:
група на класа на намена Е – Инфраструктура

Класи на намени:
класа на намена Е2 – Комунална супраструктура
(фотонапонска соларна станица)

#### *3.6.2. Површина на градежна парцела*

Површините за градење се предвидени со катност од П.

#### *3.6.3. Планирана површина за градење*

Во градежната парцела предвидена е утврдена површина за градење на повеќе градби.

#### *3.6.4. Планирана вкупна етажна површина за градење*

Градбите се предвидени од еден етаж.

#### *3.6.5. Максимална височина на градбата изразена во метри*

Височината на градбите е условена од потребата за простор и од намената.
Со оглед на тоа да се работи за фотонапонска соларна централа предвидена е височина до мах 3,0м.

#### *3.6.6. Максимален број на спратови*

Бројот на спратовите е П.

#### *3.6.7. Процент на изграденост*

Процентот на изграденост на земјиштето е урбанистичка величина која ја покажува густината на изграденост, односно колкав дел од градежното земјиште е зафатен со градба. Во случајот оваа величина е709,00%.

#### *3.6.8. Коефициент на искористеност*

Коефициентот на искористеност е урбанистичка величина која го покажува интензитетот на изграденост на градежното земјиште. Истиот во опфатот се движи до 0,70.

### 3.7. Ограда на комплексот

Се предвидува комплексот да се огради.
Вкупната должина на оградата изнесува 587,5м.

## 4. НАМЕНА И НАЧИН НА ИЗГРАДБА И КОРИСТЕЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ЈАВНА УПОТРЕБА

Со планот се утврдуваат и начин на изградба и користење на земјиштето за јавна употреба, а тоа е пристапниот пат, кој треба да се прошири и асфалтира.

## 5. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИТЕ РЕШЕНИЈА ЗА ИЗГРАДБА, НА СООБРАЌАЈНА И КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

Со планот се утврдуваат и планските решенија за инфраструктурата.
На овој простор условеноста од програмските барања и постојната состојба ги диктира планските решенија за пристапниот пат, како и за потребната комунална инфраструктурна мрежа.
Водењето на инфраструктурата да биде во инфраструктурни коридори.

### 5.1. Сообраќаен и нивелмански план

#### *5.1.1. Сообраќајно поврзување*

Имено до планскиот опфат ќе се приоѓа преку постоен земјен пристапен пат од јужната страна на планскиот опфат.

#### *5.1.2. Сообраќаен план*

**** Сообраќаен приклучок - пристап***

Планската поставка на пристапен пат за опслужување на планскиот опфат на
Локалната урбанистичка планска документација е дефинирана и приклучена со постојната сообраќајна мрежа – постоен пристапен земјен пат.

**** Стационарен сообраќај - паркирање***

Стационарниот сообраќај- паркирање на моторните возила се предвидува да се реши во склоп на градежната парцела, а според нормативите и стандардите дадени во чл. 59 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18). Потребниот број на паркинг места се утврдува со проектна документација во зависност од потребите на градбата и специфичните услови кои произлегуваат од нејзината намена.

### *5.1.3. Нивелмаски план*

Врз основа на детално снимена ситуација (ажурирана геодетска подлога) со вертикална претстава и утврдени елементи на хоризонтално решение со осовини на планирана сообраќајна мрежа изработен е нивелмански план.

Со нивелманскиот план се дадени проектирани коти на осовински точки и нагиби на нивелети на патот.

## 5.2. Водостопанска инфраструктура

### *5.2.1. Водоснабдување*

***Изворник на вода***

Санитарната вода за потребите на вработените во градбите предвидени во градежната парцела како и за ППЗ заштита ќе биде обезбедена од најблиската водоводната мрежа.

Потребните количини вода за задоволување на потребите од санитарна вода и за ППЗ заштита ќе се дефинираат на ниво Архитектонско-урбанистички проект кога ќе се знае точната намена и големина на идните градби.

Во рамките на планскиот опфат можат да изградат и бунари со вградено потопни пумпи за задоволување на потребите од техничка вода.

Потребните количини од техничка (технолошка) вода ќе се определат со изработка на Архитектонско-урбанистичкиот проект, кога ќе се знае точната намена на идните градби, нивниот капацитет и потребата од техничка (технолошка) вода.

Доколку за водоснабдување се користат подземни води (бунари) динамиката на користењето мора да биде усогласена со барањето на долгорочна експлоатација. Експлоатацијата на подземните води да се базира на извршени хидрогелошки испитувања со кои ќе се дефинира режимот на хранење на бунарот. Не се дозволува прекумерна експлоатација на подземните води поради кое би дошло до пореметување на нивниот режим.

### *5.2.2. Одведување на отпадни води*

Отпадните фекални води пред да се испуштат во реципиентот мора да бидат подложени на третман на пречистување, односно потребна е изградба на пречистителна станица.

Исто така пред испуштање на пречистените отпадни фекални води и атмосферските води во блиските долови, а понатаму и во најблискиот реципиентот мора да бидат доведени до квалитет према "Уредбата за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води" (Сл. Весник на РМ бр. 18/99), односно покрај пречистелната страница потребна е и изградба на таложници и маслофаќачи.

Дококлу не постои можност за прифаќање на фекалните води истите ќе бидат собирани во водонепропусна септичка јама, која ќе се празни согласно потребите од надлежна институција регистрирана за таа дејност.

## 5.3. Електроенергетска и комуникациска инфраструктура и јавно осветлување

### *5.3.1. Елекротроенергетска инфраструктура*

Со оваа Локална урбанистичка планска документација се третираат изворите, трансмисијата и начинот на снабдување со електрична енергија на предмениот плански опфат.

Просторот со електична енергија ќе се снабдува од дистрибутивното подрачје на ЕВН Македонија АД Скопје. Се предвидува приклучок на постојната електро-дистрибутивна мрежа според услови зададени од надлежното претпријатие.

Потребна е изградба и трафостаница. Точната диспозиција на трафостаницата ќе се дефинира со изработката на Архитектонско-урбанистичкиот проект.

### *5.3.2. Комуникациска инфраструктура*

На предметното подрачје нема телефонски инсталации. Потребна е изградба и довод на комуникациска инфраструктура со планиран инфраструктурен коридор.

### *5.3.3. Јавно осветлување*

Првенствена и најважна задача на јавното осветлување е да осигура удобен и сигурен проток на сообраќајот во ноќни услови, сличен на оној во дневни услови. Крајниот квалитет на некоја инсталација за јавно осветлување зависи од неколку елементи кои можат да се поделат во три групи:

- Елементи кои се однесуваат на геометријата на инсталацијата, ширината на сообраќајница, растојание помеѓу светилките, висина на монтажа на изворот на светлоста и врста на распоред на светилките
- Елементи кои се однесуваат на светилки и извор, интензитет на изворот на светлоста, облик на кривата на распределба на јачината на светилка, како и боја на извор на светлост
- Елементи кои се однесуваат на рефлексиони карактеристики на површина на коловоз

Планирано е јавно осветлување долж пристапниот пат и внатре во градежната парцела.

## 6. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО, ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА, МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА ОД РАЗУРНУВАЊА

### 6.1. Мерки за заштита на културното наследство

Согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18) во просторните и урбанистички планови, врз основа на документацијата за недвижното културно наследство, задолжително се утврдуваат плански мерки за заштита на споменициte на културата, како и насоки за определување на режимот на нивната заштита.

Недвижното културно наследство е поделено на видови: споменици, споменични целини и културни предели.

Во подрачјето предмет на анализа нема регистрирани недвижни добра.

Исто така и во археолошката карта на Република Македонија, која ги проучува предисториските и историските слоеви на човечката егзистенција, од најстарите времиња до доцниот среден век, за локацијата за кој се работи Локална урбанистичка планска документација нема евидентирани археолошки локалитети, што е потврдено со писмо од Министерство за култура.

Доколку при реализацијата на планската документација се дојде до откривање на објекти, односно предмети (целосно зачувани фрагменти) од материјалната култура на Република Македонија, односно се појави археолошко наоѓалиште, треба да се постапи во согласност со одредбите според член 65 од Закон за заштита на културното наследство (Сл. Весник на РМ бр. 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13 и 38/14 и 44/14 и 199/14 и 104/15 и 154/15, 192/15, 39/16)

### 6.2. Заштита на животната средина

Животната средина е простор со сите живи организми и природни богатства, односно природни и создадени вредности, нивните меѓусебни односи и вкупниот простор во кој живее човекот и во кој се сместени населбите, добрата во општа употреба, индустриските и другите објекти, вклучувајќи ги и медиумите и областите на животната средина.

Загадувањето на животната средина подразбира емисија на загадувачки материи и супстанции во воздухот, водата или почвата, како резултат на антропогените активности, која може да биде штетна за квалитетот на животната средина, животот и здравјето на луѓето или, емисија на загадувачки материи и супстанции од која може да произлезе штета за имотот или која ги нарушува или влијае врз биолошката и пределската разновидност и врз другите начини на користење на животната средина.

Анализата на влијанијата врз животната средина, како превентива, има за цел да ги идентификува можните проблеми, да ги рационализира трошоците и да направи оптимален избор на мерките за заштита на животната средина. За разлика од “пасивниот” пристап со кој се применуваат заштитни мерки по настанатиот проблем, што претставува финансиско оптоварување на производителите, давачите на услуги и општеството во целина, превентивната заштита на животната средина се трансформира во елемент на развој и појдовна основа за глобално управување со животната средина засновано врз принципите на одржлив развој.

Заштитата на животната средина како темелна вредност на Уставот на РМ (Член 8) е регулирана со Закон за животната средина (Сл.в. на РМ бр.53/05, бр.81/05, бр.24/07, бр.159/08 , бр.83/09, 48/10 и 124/10 и 51/11, 123/12 и 93/13 и 187/13 и 42/14 и 44/15 и 129/15, 192/15, 39/16). Основна цел на Законот за животна средина е зачувување, заштита, обновување и унапредување на квалитетот на животната средина; заштита на животот и на здравјето на луѓето; заштита на биолошката разновидност; рационално и одржливо користење на природните богатства и спроведување и унапредување на мерките за решавање на регионалните и глобалните проблеми на животната средина. На заштитата и унапредувањето на квалитетот и состојбата на медиумите и областите на животната средина, покрај одредбите од овој закон се применуваат и одредбите на законите за одделните медиуми и области:

- Закон за квалитет на амбиентниот воздух (Сл.в. на РМ, бр.67/04, бр.92/07 и 35/10 и 47/11 и 59/12 и 163/13, 146/15)(пречистен текст 100/12 и 163/13 и 10/15 и 146/15);
- Закон за водите (Сл.в. на РМ, бр.87/08, 06/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13 и 180/14, 146/15, 52/16);
- Закон за заштита од бучава во животната средина (Сл.в. на СРМ, бр. 79/07 и 124/10 и 47/11 и 163/13, 146/15)
- Закон за управување со отпадот (“Службен весник на Р.М” број. 68/04, 71/04, 107/07, 102/08, 143/08, 124/10, 51/11, 123/12, 147/13, 163/13, 51/15, 146/15, , 156/15, 192/15, 39/16, 63/16)
- Закон за заштита на природата (Сл.в. на РМ, бр.67/04, бр.14/06, бр.84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16 ); и други подзаконски акти.

Заштитата и унапредувањето на животната средина се остварува со воспоставување на систем на планирање на заштитата кој ќе овозможи навремено спречување на потенцијалните ризици и опасности, санирање на оштетените сегменти и зачувување на чистата животна средина преку континуирано предвидување, следење, спречување, ограничување и отстранување на негативните влијанија врз медиумите и областите на животната средина.

Превентивната заштита на животната средина, како нераздвоен елемент на современото планирање, уредување и урбанизација на просторот одигра клучна улога во донесувањето на планските решенија во сите фази од изработка на предметната Локалната урбанистичка планска документација.

### *6.2.1. Мерки за заштита на почвата*

При изградба на содржините во склоп на планскиот опфат на Локалната урбанистичка планска документација, да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности, квалитетот, количината и режимот на површинските и подземните води. Изградбата на новите содржини вклучува одстранување на постојните вегетациски видови и нарушување на живеалиштата на постојната фауна, како и раскопување и отстранување на поголема количина на почва. При реализација на активностите на терен да се избегне непотребно губење, модификација и фрагментација на природните живеалишта и прекумерно искористување на биолошките ресурси, со цел да се намалат или целосно елиминираат негативните последици врз стабилноста на постојните екосистеми.

### *6.2.2. Мерки за управување со отпадот*

По завршување на активностите на терен шутот треба да биде уредно одложен на депонија. Согласно Законот за управување со отпадот ("Службен весник на Р.М" број. 68/04, 71/04, 107/07, 102/08, 143/08, 124/10, 51/11, 123/12, 147/13, 163/13, 51/15, 146/15, , 156/15, 192/15, 39/16, 63/16), создавачите на отпад се должни во најголема можна мера, да го избегнат создавањето на отпад и да ги намалат штетните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето. При управување со отпадот по претходно извршената селекција, отпадот треба да биде преработен по пат на рециклирање, повторно употребен во истиот или во друг процес за екстракција на секундарните суровини или пак да се искористи како извор на енергија. После соодветниот третман се препорачува задолжително депонирање на отпадните материи во депонија. Со планот се предвидува селектирање на цврстиот отпад и разгледување на алтернативните можности за рециклирање на истиот и негова повеќекратна употреба пред истиот да биде одложен на депонија. Предвидено е организирано собирање и одложување на отпадот во постојната депонија.

Создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ќе ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.

По завршувањето на градежните активности потребно е да се обезбеди вегетациски покривач на почвата околу новоизградените содржини. Со плановите за хортикултура да се утврдат исклучиво декоративни насади.

### *6.2.3. Мерки за заштита на воздухот*

Вегетациската покривка изложена на висока концентрација на честици во воздухот може да биде оштетена кога истите се наоѓаат во комбинација со другите присутни полутанти во воздухот, создадени како резултат на мобилните извори на загадување, посебно изразени на просторот кој е предмет на анализа. Крупните честици, како прашината која паѓа директно на површината на земјата, ја редуцираат размената на гасови и процесите на фотосинтеза што води кон редукција на растот кај растенијата. Со цел да се спречи редукција на растот кај видовите се препорачува контрола на квалитетот на воздухот и превземање на мерки за запазување на дозволените концентрации на присутни полутанти во воздухот.

Нивоата на емисии во воздухот треба да бидат усогласени со Правилникот за гранични вредности за дозволени нивоа на емисии и видови на загадувачки супстанции во отпадните гасови и пареи кои ги емитираат стационарните извори во воздухот (Сл.весник на РМ бр.141/10).

### *6.2.4. Мерки за заштита на водите*

Со цел да се минимизира или целосно елиминира потенцијалната опасност од контаминација на водите од евентуално истекување или протекување на гориво, при

изведувањето на градежните активности на предметното подрачје потребно е да се избегнува сервисирање на градежната опрема или полнење со гориво.

Управувањето со квалитетот на водите и воздухот индиректно ја зголемува и функционалноста на почвата, како краен реципиент на загадувачите отстранети од овие два медиума.

Отпадните води пред да се испуштат во реципиентот мора да бидат подложени на третман на пречистување, односно да бидат доведени до квалитет према "Уредбата за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води".

#### *6.2.5. Мерки за заштита од бучава во животната средина*

За минимизирање на бучавата се препорачува употреба на современа механизација во периодот на градба и запазување на дозволените нивоа на бучава во животната средина во текот на експлоатациониот период.

Заради успешна имплементација на системот за заштита на животната средина при реализација на активностите предвидени со Локалната урбанистичка планска документација, потребно е да се почитува следното:

- зачување на амбиенталните и есетските потенцијали на просторот;
- озеленување на околните површини со високо и ниско зеленило;
- селектирано и организирано депонирање на отпадот со контролиран транспортен систем;
- изградба на современа инфраструктура;
- заштита на планираните коридори наменети за енергетска инфраструктура од градба на друга инфраструктура.

При вршењето на предвидените активности да се обезбеди висок степен на заштита на животната средина и животот и здравјето на луѓето кои претстојуваат во непосредната околина. Потребно е да се нагласи дека загадувачот е должен да ги надомести трошоците за отстранување на опасноста од загадување на животната средина, да ги поднесе трошоците за санација и да плати правичен надомест за штетата причинета врз животната средина, како и да ја доведе животната средина, во најголема можна мерка, во состојба како пред оштетувањето.

### 6.3. Мерки за заштита на природното наследство

Заштитата на природата се уредува преку заштита на биолошката и пределската разновидност и заштита на природното наследство, во заштитени подрачја, надвор од заштитени подрачја како и заштита на природни реткости.

Во современото планирање на просторот, задачите на заштитата на природата се усмерени особено на активно уредување и заштита на природата и животната средина, санирање на можните штети и повторно воспоставување на природната средина.

Заштитата на природата е третирана во Закон за заштита на природата (Сл.в. на РМ, бр.67/04, бр.14/06, бр.84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16) и други законски и подзаконски акти.

Доколку при изработка на планска документација од пониско ниво или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природни реткости кои можат да бидат загрозени, потребно е да се преземат мерки за заштита согласно со Закон.

### 6.4. Мерки за заштита и спасување

Претходните услови за заштита и спасување дадени во писмениот допис од Дирекцијата за заштита и спасување се комплетно вградени во Локалната урбанистичка планска документација и се дадени во понатамошниот текст.

Согласно Законот за заштита и спасување ((Сл. в. на РМ бр 36/04, 49/04, 86/08, 124/10 и 18/11, 41/14, 129/15, 71/16) и Законот за управување со кризи (Сл.в.на РМ бр. 29/05 и 36/11 и 41/14 и 104/15, 39/16), задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.

Организацијата на мерките за заштита и спасување опфаќа планирање и подготвување на активности за спроведување на мерки за заштита и спасување.

Мерките за заштита и спасување се остваруваат преку организирање на дејства и постапки од превентивен карактер, кои ги подготвува и спроведува Републиката (преку органите на државната управа во областите за кои се основани), единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите.

Органите на државната управа, органите на единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите, се должни да ја предвидат и планираат организацијата на спроведувањето на мерките за заштита и спасување и да спроведат мерки кои се во функција на превенцијата.

Во функцијата на превенцијата се следниве мерки и активности:

1. изработка на Процена на загрозеност за можни опасности и План за заштита и спасување од проценети опасности
2. вградување на предвидените и планираните мерки за заштита и спасување во редовното планирање и работа
3. уредување на просторот и изградба на објектите, во функција на заштита и спасување
4. воспоставување на организација и систем потребни за заштита и спасување
5. обезбедување на материјална база, персонал и други ресурси потребни за извршување на планираната организација.

Една значајна мерка за заштита и спасување која треба да се почитува за Локалната урбанистичка планска документација во функција на превенција и во функција на заштитата и спасувањето е и уредувањето на просторот и изградбата на објектите.

Методологијата за содржината и начинот на проценувањето на опасностите и планирање на заштитата и спасувањето, како и нормативите и стандардите врз основа на кои се определуваат државните органи и другите правни лица кои се должни да донесат план за заштита и спасување ги утврдува Владата.

Мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат:

1. при планирањето и уредувањето на просторот и населбите
2. во проектите, за објекти и технолошки процеси наменети за складирање, производство и употреба на опасни материи, нафта и нејзини деривати, енергетски гасови, јавниот сообраќај, црна и обоена металургија, како и за јавна, административна, културна, туристичко-угостотелска дејност и
3. при изградба на објекти и инфраструктура

Начинот на применувањето на мерките за заштита и спасувањето, при планирањето и уредувањето на просторот и населбите, во проектите и при изградба на објектите, како и учество во техничкиот преглед, Владата го уредува со уредба.

Во функција на уредувањето на просторот задолжително се обезбедува:

1. изградба на објекти отпорни на сеизмички дејства
2. регулирање на водотеците и изградба на систем на одбрамбени насипи
3. изградба на снегозаштитни појаси и пошумување на голините
4. обезбедување на противпожарни пречки
5. изградба на објекти за заштита и
6. изградба на потребна инфраструктура

За навремено предупредување на населението за можни опасности и превенција од нив, во рамките на системот за заштита и спасување во Републиката се воспоставува:

1. набљудување, јавување и известување и
2. организација за извршување на функции за заштита и спасување во рамките на редовната дејност

За ефикасна заштита на населението и материјалните добра, граѓаните на Републиката, единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите задолжително обезбедуваат средства за лична и колективна заштита, материјално-технички средства потребни за спроведување на мерките за заштита и спасување и за силите за заштита и спасување и соодветно обучен персонал.

Една значајна мерка за заштита и спасување која треба да се почитува во функција на превенција и во функција на заштитата и спасувањето е и уредувањето на просторот и изградбата на објектите согласно сите технички прописи за таков вид на градби.

Во Урбанистичкиот план вон населено место опфатени се дел од предвидените урбанистичко-технички и хуманитарни мерки за заштита и спасување, кои се карактеристични за планскиот опфат, односно намената, согласно член 61 од Законот за заштита и спасување спасување (Сл. в. на РМ бр 36/04, 49/04, 86/08, 124/10 и 18/11 и 41/14 -пречистен 93/12 и 41/14) и подазоконските уредби и други правни прописи од оваа проблематика.

Урбанистичко-технички мерки се:

1. засолнување
2. заштита и спасување од поплави
3. заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи
4. заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства
5. заштита и спасување од урнатини
6. заштита и спасување од техничко-технолошки несреќи
7. спасување од сообраќајни несреќи

Хуманитарни мерки се:

8. евакуација
9. згрижување на загрозеното и настраданото население
10. радилошка, хемиска и биолошка заштита
11. прва медицинска помош
12. заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло
13. заштита и спасување на растенија и производи од растително потекло
14. асанација на теренот

При изработката на урбанистичко планската документација, проценката на загрозеност од природни непогоди и други несреќи на општина Крушево, е основа врз база на која се планираат мерките за заштита и спасување и истите треба понатаму да се вградат во проектната документација.

При понатамошната изработка на Архитектонско-урбанистичкиот проект, мерките за заштита и спасување задолжително треба да се разработуваат детално и истите да се вградат, согласно член 7 од Уредбата за начинот на применување на мерки за заштита и спасување, при планирањето и уредувањето на просторот и населбите, во проектите и при изградба на објектите, како и учество во технички прегледи (Сл. Весник на РМ бр. 105/05).

Заштитата и спасувањето треба да биде согласно критериумите на член 62 од Законот за заштита и спасување, а потребниот број на засолнишни места се утврдува според намената на градбите и новопланираната корисна површина, а степенот на

заштита се определува според утврдениот потребен број на засолнишни места и Одлуката за утврдување на загрозени зони (Сл. весник на РМ бр: 105/05).

Јавните засолништа се планираат согласно Програмата на Владата за мерките за заштита и спасување и програмите на единиците на локалната самоуправа за мерките за заштита и спасување, а истите се вградуваат во Урбанистичките планови.

Мерките за заштита и спасување се однесуваат на заштита од природни непогоди и други несреќи, во мир и во војна и од воени дејствија.

Природни непогоди се земјотреси, поплави, лизгање на земјиште, снежни лавини, наноси, луњи, уривање на високи брани и насипи, суша, атмосферски и други непогоди.

Други несреќи се пожари, големи несреќи во патниот, железничкиот и воздушниот сообраќај, несреќи во рудници, индустриски несреќи предизвикани од експлозии и други техничко-технлошки причини, паѓање на радиоактивни врнежи, прашини и талози, излевање на нафта и нафтени деривати, и други отровни хемикалии, еклозии на гасови, запалливи течности и гасови, како и други гориви материи кои со воздухот создаваат експлозивни смеси и други експлозивни материјали од поголем размер.

Дел од природните непогоди и другите несреќи можат да се јават и во границите на планскиот опфат.

#### *6.4.1. Урбанистичко-технички мерки и хуманитарни мерки*

##### *6.4.1.1. Мерки за засолнување*

Обврска за планирање, подготвување на активности за спроведување и спроведување на засолнувањето имаат органите на државната управа, органите на општините, јавните претпријатија, установите и службите и трговските друштва.

Засолнувањето се врши во изградени засолништа и други заштитни објекти, што се наменети за засолнување на населението, материјалните и културните добра на Република Македонија.

Организацијата на засолнувањето опфаќа планирање и подготвување на активности и мерки за спроведување на засолнувањето.

Планирањето на засолнувањето е процес што започнува со планска изградба на засолништа и други заштитни објекти согласно прописите за просторно и урбанистичко планирање.

Планирањето опфаќа проценка и степен на загрозеност и повредливост на територијата, утврдување на потребната организација за спроведување на засолнувањето и пропишување на оперативна постапка за спроведување на засолнувањето.

Потребната организација за спроведување на засолнувањето се утврдува во плановите за заштита и спасување и при тоа детално се разработуваат улогите на задолжените субјекти, како и големината и видот на силите за заштита и спасување кои ќе учествуваат во спроведувањето на засолнувањето.

Со оперативната постапка за спроведување на засолнувањето, пропишана од страна на директорот на Дирекцијата за заштита и спасување, се определуваат активностите и постапките на учесниците во спроведувањето на засолнувањето од моментот на добивањето на задачата па се до нејзиното извршување. (Уредба за спроведување на засолнувањето Сл. в. на РМ бр 93/05).

##### *6.4.1.2. Мерки за заштита од поплави*

Заштитата и спасувањето од поплави опфаќа регулирање на водотеците, изградба на заштитни објекти, одржување и санирање на оштетените делови на заштитните објекти, набљудување и извидување на состојбите на водотеците и високите брани, заштитните објекти и околината, обележување на висинските коти на плавниот бран, навремено известување и тревожење на населението во загрозените подрачја, спроведување на евакуација на населението и материјалните добра од

загрозеното подрачје, обезбедување на премин и превоз преку вода, спасување на загрозените луѓе на вода и под вода, црпење на водата од поплавените објекти и извлекувае на загрозените и настраданите, обезбедување на населението во поплавените подрачја со основните услови за живот и учество во санирање на последиците предизвикани од поплавата.

Планирањето на заштита и спасување од поплави опфаќа процена на можните загрозувања од поплави, утврдување на потребната организација за спроведување на заштита и спасување од поплави и пропишување на стандардна оперативна процедура за спроведување на заштита и спасување од поплави

Во рамките на планирањето се изработуваат плански документи за заштита и спасување од поплави.

Планскиот опфат се наоѓа на надморска висина од околу 1260м, и просторот е во стрмен пад, така да нема да биде подложен на плавење. Уредба за спроведување на заштита и спасување од поплави (Сл. в. на РМ бр 91/10)

#### *6.4.1.3. Мерки за заштита од пожар, експлозии и опасни материи*

Заштитата и спасување од пожари, експлозии и опасни материи опфаќа планирање и подготвување на активности за спроведување на заштитата и спасувањето од пожари, експлозии и опасни материи.

Планирањето на активностите опфаќа процена на можните загрозувања на животот и здравјето на луѓето, утврдување на потребна организација за спороведување на заштитата и спасувањето од пожари, експлозии и опасни материи, планирање на пропагандните активности и донесување на Стандарни оперативни процедури за заштита и спасување.

Организацијата за заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни матери се урврдува согласно плановите за заштита и спасување.

При изработката на Локалната урбанистичка планска документација се предвидени пропишани мерки за заштита од пожари, согласно Закон за заштита и спасување (Сл. в. на РМ бр 36/04, 49/04, 86/08, 124/10 и 18/11, 41/14, 129/15, 71/16) (пречистен 93/12, 41/14, 129/15, 71/16), Закон за пожарникарство (Сл. в. на РМ бр 67/04, 81/07 и 55/13 и 158/14, 193/15, 39/16), Закон за управување со кризи (Сл.в.на РМ бр. 29/05 и 36/11 и 41/14 и 104/15, 39/16) како и Правилникот за суштинските барања за заштита од пожар на градежните објекти (Сл. весник на РМ бр. 94/09), Правилникот за техничките нотмативи за хидрантска мрежа за гасење на пожари (Сл. Весник на РМ бр. 31/06), Правилник за мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи (Сл. Весник на РМ бр. 32/11 и 145/13) и други позитивни прописи со кои е регулирана оваа проблематика. Уредите и постројките треба да се изведуваат на начин да не претставуваат опасност за предизвикување на пожари и експлозии.

Од урбанистички аспект противпожарната (ПП) заштита се предвидува од аспект на:

- брз и непречен пристап до градбите;
- градбите да се предвидат од тврда градба, со примена на огноотпорни материјали,
- при планирањето да се води сметка за обезбедување на доволни растојанија меѓу градбите
- со сообраќајното решение и начинот на кој се предвидува изградбата на градбите да биде овозможен пристап на противпожарно возило од повеќе страни.
- Внатрешните улиците да се со доволна ширина и да се изведат со задоволувачки осовински притисок, што овозможува непречено и брзо движење на противпожарните возила, (ширина на коловоз од 5,5 и радиуси од минимум 10,0м)

- во градот Скопје кој го опслужува овој плански опфат со ПП заштита, има противпожарна едница, која е опремена со противпожарни возила и со обучени лица за дејствување во случај на пожар, во склоп на севисните дејности.
- обезбедена е доволна количина на вода за гасење на пожар
- во просторот предмет на Локалната урбанистичка планска документација ќе се предвидат надворешни пожарни хидранти за гасење на пожарот што би ги зафатиле градбите, чија поставка ќе се дефинира со изработката на Архитектонско-урбанистичиот проект
- во понатамошната разработка на планот, обврзно да се реши громобранска инсталација со цел да нема појава на зголемено пожарно оптоварување

Предвидената сообраќајна инфраструктура со соодветни квалитетни хоризонтални и вертикални елементи на коловозот овозможуваат непречена интрвенција на противпожарните возила. Падот на сообраќајницата е со мали вредности и е погоден за одвивање сообраќај на тешки возила.

Другите елементи за противпожарна заштита ќе се утврдат со посебниот елаборат за противпожарна заштита како составен дел на Основниот проект за секоја поединечна градба.

#### *6.4.1.4. Заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства*

Согласно Законот за заштита и спасување, заштитата од неексплодирани убојни и други експлозивни средства опфаќа пребарување на теренот и пронаоѓање, пронаоѓање на неексплодираните убојни средства, обележување и обезбедување на теренот, онеспособување и уништување на сите видови на неексплодирани убојни и други експлозивни средства како и транспорт до определеното и уреденото место за уништување и безбедносни мерки за време на транспортот. Онеспособување и уништување на сите видови на неексплодирани убојни и други експлозивни средства се врши на местото на пронаоѓање, ако за тоа постојат безбедносни услови.

Ако не се исполнети условите од ставот 2 на овој член, уништувањето на неексплодирани убојни и други експлозивни средства се врши на претходно определени и уредени места за таа намена.

Стандардните оперативни процедури за заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства ги пропишува директорот на Дирекцијата и оваа мерка е регулирана со Уредбата за спроведување на мерката асанација на теренот (Сл.в. на РМ, бр.101/10).

#### *6.4.1.5. Мерки за заштита од урнатини*

Заштитата од урнатини како превентивна мерка се утврдува во урбанистичките планови во текот на планирање на просторот, урбанизирање на населби и изградба на објекти.

Заштита и спасување од урнатини се применува на објекти кои можат да бидат изложени на разни дејства, од природни непогоди: земјотреси, лизгање и одронување на теренот, поплави и др. и од технички катастрофи: експлозии, последици од неквалитетна градба, дотраени конструкции од објекти, пожари и друго.

Планирањето на активностите за заштита и спасување од урнатини опфаќа проценување на можностите за уривање на објектите, утврдување на потребната организација за заштита и спасување од урнатини и пропишување на стандардната оперативна процедура за спроведување на заштитата и спасувањето од урнатини.

Потребната организација за заштита и спасување од урнатини се утврдува во плановите за заштита и спасување.

Во Локалната урбанистичка планска документација е утврден претпоставениот степен на урнатини, нивниот однос према слободните површини и степенот на проодност на собраќајниците, врз основа на што е изработено планираното решение.

При планирањето да се води сметка да не се создаваат тесни грла на сообраќајниците, зони на тотални урнатини и предвидување на депонии за складирање на градежен отпад.

Според очекуваните сеизмички интензитети оваа локација се наоѓа во зона на потреси од $9^0$ по МЦС скалата.

Се предвидува асеизмична градба (согласно сеизмолошката карта на република Македонија) како можна превенција, со помала количина на градежен материјал и релативно помали тежини.

Во случај на можни разурнувања, планираните решенија на внатрешната уличната мрежа треба да обезбедува:

- брза и непречена евакуација на луѓето (нема тесни грла на сообраќајниците)
- брз пристап на екипите за спасување и нивните специјални возила,
- непречена интервенција во кругот на катастрофата,
- штетите да се сведат на минимум,
- брза санација на последиците.

За инфраструктурната мрежа не се предвидуваат посебни урбанистички мерки од природни катастрофи.

Другите елементи за заштита од земјотреси, како природна катастрофа, да се утврдат со посебниот елаборат за асеизмична градба во делот на статиката и динамичка анализа на градбите, како составен дел на Основниот план.

Потребни се геомеханички, геолошки и хидротехнички испитувања на теренот. (Уредба за спроведување на спасувањето од урнатини (Сл. в. на РМ бр 100/10)

#### *6.4.1.6. Мерки за заштита од техничко технолошки несреќи*

Техничко-технолошките несреќи претставуваат настани кои се случуваат како резултат на превиди и грешки во извршувањето на секојдневните стопански и други активности, невнимание при ракување, складирање, чување и транспорт на опасни материи, превиди, грешки и дефекти во технолошкиот процес, непочитување на прописи за употреба на постројки и инсталации кои предизвикуваат висок степен на загрозеност на луѓето и материјалните добра.

Планирањето на заштитата и спасувањето опфаќа процена на можните загрозувања на населението, материјалните добра и животната средина од техничко-технолошки несреќи предизвикани од различни причини и во различни услови во индустриски објекти, кои во производниот процес употребуваат материи и постројки што предизвикуваат висок степен на загрозеност, утврдување на потребна организација за спроведување на заштита и спасување од техничко-технолошки несреќи и пропишување на стандардна оперативна процедура за спроведување на истата.

Потребната организација се утвдрува во плановите за заштита и спасување.

Нема можност за технолошките катастрофи, со оглед на намената на просторот.

Потребно е стручно ракување со сите уреди и постројки.

Инфраструктурните водови во редовни услови не предизвикуваат штетни влијанија бидејќи претставуваат подземни инсталации.

Случајните инциденти може да се идентификуваат како инциденти со оштетувања на инфраструктурните водови во случај на интервенција или механички оштетувања. Овие инциденти немаат битно влијание врз околината, бидејќи можна е брза реакција и запирање на течењето вода преку вентилски уреди. Можна е брза санација и на вод во кој се водат отпадните води. Инфраструктурните водови се водат на пропишани сигурносни растојанија во јасно дефиниран инфраструктурен коридор, така да можните оштетувања се сведени на минимум.

Инфраструктурните водови мора да се поставаат во се́ према техничките нормативи и стандарди кои ќе ја обезбедат нивната сигурност, безбедност и долготрајност во експлотацијата, ракувањето и одржувањето.
Во рамките на Архитектонско-урбанистичкиот проект се изработуваат плански документи за заштита и спасување од Техничко-технолошките несреќи. (Уредба за спроведување на мерката заштита и спасувањеод техничко-технолошки несреќи Сл. в. на РМ бр 100/10).

#### *6.4.1.7. Спасување од сообраќајни несреќи*

Временскиот рок за дејствување на возилата за брза помош зависи од оддалеченоста на најблиската болница или поликлиника, која за овој плански опфат во реонот на болницата во Крушево би изнесувал до 15 минути.

#### *6.4.1.8. Евакуација*

Согласно член 84 и 85 од Законот за заштита и спасување, со евакуацијата се врши планско, организирано и контролирано пресметување на населението, материјалните и културните добра на Републиката, од загрозените во побезбедните подрачја.

Евакуацијата се извршува доколку со други мерки не е можно да се спречат ефектите од природни непогоди и други несреќи.

Населението од подрачјето на кое се врши евакуација, може да се евакуира во друга општина на одредено место и во одредено време.

Евакуацијата на населението во друга општина не смее да доведе до нарушување во извршувањето на нејзините надлежности.

Општината на чие подрачје е сместено евакуираното население ги покрива трошоците за обезбедување на основните услови за живот (сместување, исхрана, здравствена заштита и образование), со тоа што надоместокот за направените трошоци се на товар на општината од која е евакуирано населението, односно на товар на Републиката.

Со Уредбата за спроведување на мерката за заштита и спасување – евакуција на населението (Сл. Весник на РМ бр. 101/10) се уредува спроведувањето на мерката евакуација на населението која се остварува во рамките на системот за заштита и спасување.

Планирањето и подготвувањето на активностите за спроведување на еевакуација на населението се врши од страна на органите на државната управа, органите на единиците на локалната самоуправа, јавните претпријатија, установи, служби и трговски друштва.

Евакуацијата опфаќа планско, организирано и контролирано преместување на населението, материјалните добра и културното наследство во Републиката, од загрозените во побезбедните подрачја.

Евакуацијата се извршува доколку со други мерки не е можно да се спречат последиците од природните непогоди и други несреќи.

#### *6.4.1.9. Згрижување на загрозеното и настраданото население*

Згрижување на настрадано и загрозено население е предвидено огласно член 86 од Законот за заштита и спасување. Згрижувањето опфаќа прифаќање, сместување и обезбедување на основните услови за живот на настраданото и загрозеното население.

